**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Шесттото продолжение на Дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 23 октомври 2006 година**

Седницата се одржа во салаата за седници на Собранинето на Република Македонија, со почеток во 11,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да седнат на своите места.

Продолжуваме со работа по Дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Лилјана Поповска, Абдуљади Вејсели, Даут Рециепи, Насер Ајдини, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Али Ахмети, Теута Арифи, Зумрете Јакупи, Лазар Китановски, Љубчо Георгиевски, Данаел Дончев, Благој Зашов и Ристо Пенов ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со десеттата точка, со претрес по Предлогот за донесување на законот.

Бидејќи Салиу Шабан не е тука, збор има Азис Положани, повелете.

**Азис Положани:** Почитувани колеги пратеници, почитуван претседателе,

Во продолжение имаме една точка од дневниот ред што со право предизвика голем интерес кај многу пратеници и во јавноста. Продолжуваме и денеска да расправаме по оваа точка.

Ова го кажав како вовед, бидејќи истото прашање, истата тема што ја третира оваа точка е една од клучните забелешки што подолго време се упатуваат на Македонија како обврска, потреба, наша внатрешна потреба, околу прашањето на начинот на девијантното однесување, корупцијата и организираниот криминал во нашава држава, за што како држава и парламент сме должни да пријдеме на посериозен начин кон ова прашање. Неминовно е дека и досега имаше заложби во оваа насока, но од она што произлезе и од Извештајот што го презентираше Европската унија, од Комисијата, но и од она што може да се забележи како општ дух на тековите во Република Македонија, секако дека треба да кажеме дека во оваа насока има многу да се прави. Затоа, оваа работа треба сите да ја реализираме, бидејќи се работи за исполнување на граѓанска и демократска обврска што не е само во наша функција, само функција на оваа наша генерација, на овој парламентарен состав, туку пред се е обврска и е во функција на создавање услови за подобар живот на нашите деца, на новите генерации, бидејќи се работи за едно формално, нормативно-правно прашање, како работа што треба да се изврши и заврши паралелно со нашето одење кон Европската унија, нашето членство во европската структура, со што ќе станеме дел на европското семејство. Тоа значи новите генерации да живеат подобро од нас, да имаат повеќе можности од нас. Секако, за да успееме во ова треба на време да ги извршиме нашите обврски што се предвидени во оваа област.

Се сеќавам на минатото на Законов. Господинот Вељаноски го спомна во своето излагање. Отпочнувањето на законот беше во почетокот на мандатот на два, три во 1998 година кога професор Камбовски излезе со првиот предлог и е вистина дека законот помина во три фази. Со тоа се остави можност на сите фактори, како и невладините организации и другите структури да го дадат својот придонес за да се добие еден што поодржлив закон и поефикасен закон во функција на вршење на притисок на оваа корупција и неговото доведување во можни рамки да не се оштети економскиот развој, нашиот пат кон Европа и другите односи, како и економскиот и демократскиот развој на Република Македонија.

За жал, не се донесе брзо. Се донесе при крајот на тој мандат. Понатаму се обработи, се измени и се состави Комисијата за антикорупцијата на почетокот на претходниот мандат. Имаше одредени активности во овој временски период. Но, сите треба да признаеме дека она што недостасуваше како ефективен резултат во оваа насока беше, можеби, јас велам, еден недостаток односно недостиг на појака политичка волја за остварување на она што произлезе како обврска уште тогаш кога го донесовме овој закон, продолжувајќи го истиот и во наредните фази.

Тоа што сега треба да го направиме, освен измените во Законот, во функција на зајакнување на политиките и одговорните фактори во оваа насока, е и верувам дека треба да биде појаката политичка волја што ќе ја поддржи имплементацијата на законот со цел да се создаде појака основа, секако наша, во однос на овој феномен што ни се јави. Споре ова, нема сомнение дека е во однос на Европскиот извештај, но и во целост потребата за кохетизирање и ефектуирање, поконкретно ефектуирање на активностите во врска со овој закон. Поради тоа и ние ги поддржуваме измените во оваа насока, но секако имаме наши дилеми и забелешки во однос на начинот и предлозите што се предложени. Јас имам впечаток дека треба да се повтори или рециклира една состојба да, секогаш оној кој врши корупција или врши организиран криминал, од било која страна да е тој, оној од другата страна, тоа значи дека ова се виде помалку или повеќе во расправата претходните денови кога се направи обид да се направат неколку недолични феномени. Така што секогаш она што може да се забележи е дека тоа го остравиле другите, а ние сме добрите или сме на добрата страна.

Феноменот на префрлање на вината или негледање на оваа активност кај самите себе си, значи дека сето ова треба да престане и посериозно да пријдеме на овој феномен, посериозно да се справиме, па затоа законските решенија треба да бидат во таа насока да не

дозволат злоупотреби, особено политички злоупотреби за чистки и пресметки меѓу политичките партии, што беше карактеристика на минатото. Во интерес на Република Македонија не треба да се повтори истото.

Кога ги имам предвид овие моменти, дозволете ми, пред се да ги кажам предлозите дадени со овој закон како позитивни, бидејќи овде се редуцира разговорот и се концентрира само во однос на амандманите што на нетипичен начин, но по се изгледа за ова парламентарно мнозинство е ова типично, се предложија со задоцнување во овој Парламент. Целата расправа и вниманието се ориентира во однос на тие амандмани. Јас ќе го направам истото. Но, тоа што треба да го кажам и што треба да се оцени како добар исчекор во насока на справувањето со корупцијата се неколку членови што сакам да ги афирмирам со цел да не се создаде впечаток, редуцирајќи го ова во еден амандман, дека се е во спротивност со тоа што се кажува.

Го ценам како добро и корисно решението што го проширува рокот на предизборните активности. Не во изборната фаза, туку од моментот кога се определуваат изборите. Се виде дека во оваа фаза има неколу можности тоа да се злоупотреби. Ценам дека е добра работа ова да се прошири, на што имам и моја забелешка, за што немам поднесено амандман, за жал, но мислам дека во Предлогот што го имам како можна варијанта за подобрување на законот да се земе предвид. На крајот, мојот предлог би бил да се преиспита причината да се направи оваа измена како прва фаза, да одиме со втора фаза и покомплетирана. Но, ова поконкретно ќе го кажам на крајот.

Добро е тоа што е проширен рокот, бидејќи го стеснува просторот за злоупотреба на јавни средства и политичката моќ што ја имаат структурите на власта, било на локална или на централно ниво, за да ја стават во тесна функција на изборите што се распишуваат во продолжение.

Ценам дека членот 3, што ја уредува можноста или неможноста да се злоупотребат финансиските средства за плати, мислам дека не е предвиден еден елемент што, за жал, без оглед кој и кога го врши тоа, но не треба да се повтори неможноста во овој рок да се поврзат и колективните договори. Тоа значи дека од предлагачот овде не е предвидено во овој рок не само да не се зголемуваат платите на личности на одредени начини, туку да не се склучуваат колективни договори. Ние сме сведоци на тоа, сме го користеле и ние, но бидејќи не беше воведено во закон и не е против правно. Сега имаме можност тоа што не го посакуваме или што има негативен ефект, да се потрудиме да го отстраниме. Ако нешто било лошо да не го повториме истото. Затоа што не само министрите или власта, туку ова ќе не спаси и од притисокот, нелегитимен. Од Синдикатот има потреба и нивниото барање е легитимно секогаш да бараат и да ги штитат интересите на граѓаните, да бараат повисоки плати, да го штитат интересот на работниците. Но, попрактично е овој притисок да биде неостварлив пред изборите, а не затоа што сака или не сака одредена парламентарна структура, но бидејќи со закон не е спречена, не е забрането, создаваме услови кога се потпишуваат договори во време кога се распишуваат избори. Ваквото решение се покажа како несоодветно, давајќи им сигнал на синдикатите дека не смеат да прават притисок. Било кој од власта или било која одредена целна група, можат да бидат и синдикатите, не мора секогаш да биде во однос со буџетските средства, во фаза на изборите да преземаат активности за да прават ваков притисок. Обврската останува за идните влади, со што се создаваат буџетски дупки и проблеми поради кои што ќе страдаме и патиме, а во овој Предлог сето тоа не е предвидено.

Искажаното дека платите се вакви или онакви, не може да се злоупотреби, не можат да се зголемат, но не е предвидена неможност за склучување на колективни договори. Ако некој сака да ги покачи платите, јас не сум против синдикатот тој во континуитет да бара подобри решенија за работниците или покачување на плати, но и тие да знаат дека оваа работа не може да ја прават во фаза на распишување на избори, бидејќи е ова најелегантен, елоквентен начин и многу поефективен притисок во однос на структурите на кои тие се обраќаат.

Во овој Предлог, вие, почитувана господо, ова не сте го предвиделе. За жал и јас, поради временски причини, не сум поднел амандман. Двата амандмани што ги предложивте, да ја кажам вистината, ни ги побркаа сите работи и не доведе во ситуација да се сомневаме далие ова воведување на форма на етаблирање на однесувањето на мнозинството во овој Парламент или се случува нешто друго, што се сака да се направи како преседан, така што на еден начин да биде пракса нешто со што ние не се согласуваме. Не се согласуваме бидејќи создава неодржливи состојби во процедурите и не оневозможува, со својата конфузија искрено да излеземе со наши предлози.

Вториот сегмент за што ценам дека се работи за сегмент со кој што се подобрува партиската дисциплина, тоа се решенија што водат во насока на дисциплинирање и на политичките партии, нивното однесување, нивните финансии паралелно со изборите. До сега се увиде дека и тука има широк простор за лошо толкување, за разни толкувања, со што се создава основа и форма за злоупотреба поради одредени политички цели. Во едно демократско општество треба да се уреди и ова прашање.

Со овие измени се прави вакво настојување, во што не сум сосема убеден дека ќе ја постигне целта што треба да се постигне. И покрај тоа јас сум еден од оние кои веруваат дека времето ќе покаже, дека уште еднаш треба да се преиспита ова материја. Иако претставува еден исчекор во насока што гарантира подобрување, но не го заокружува ова прашање. Затоа треба повторно да се вратиме на ова прашање.

12-6/2.-

Третото прашање што ценам и мислам дека претставува содржинско дополнување на овој закон е воведувањето на јавната администрација во контекст на оние кои  требаат на одреден начин да имаат контрола за нивното однесување и за искоренување на коруптивните елементи од овој слој на администрацијата. Администрацијата во значаен елемент, посебно кај инвеститорите, кај порастот на бизнис климата, во однос на подобрување на бизнис климата во Македонија само може да се подобри, бидејќи е увидено дека не се само високите политички структури оние што фактички се причина за една бледа бизнис клима или причина за корупциски активности, но треба да се земе предвид дека не целата администрација, дел од управата која што со аргументи и чисто пати знаеме дека е дел на оваа игра. Во овој контекст е и јавната администрација.

Но, тука би рекол дека се создадени неколку членови што даваат право на Антикорупциската комисија да поведе иницијатива и им овозможи на оние членови на јавната управа врз кои се врши една одмазда од партиски и политички причини по изборите, нешто што се случува и сега. Секој член или вработен во јавната управа и администрацијата, според овие дополнувања, ќе има право по жалбата да се обрати во судот и врз оваа основа да се преиспита неговото барање. Не само врз евентуалната база на повредување на правото за работа, бидејќи некого кого сакаш да отпуштиш, тој секогаш може да најде причини. Но, кога се работи за лица кои во јавната администрација, кај членови на политички партии, активисти, ние ги ставивме и во изборните комисии како единствени членови и гаранти на изборниот процес, така што по изборите тие се уценуваат, се уценуваа и претходно, но уцената се определува по изборите.

Тука имаме состојба кога победничките партии се одмаздуваат врз оваа структура на јавната администрација што во суштина е партиски определена, како што е определена или не сака да слушне некој калфа или структура што ќе има храброст да му се обрати, за да врши притисок, да детерминира вакви или онакви избори или да ги затвори очите пред некоја неправда. Можностите да се жалат и преку оваа Комисија и елементот на партиската припадност да му биде основа Судот да ја разгледа неправдате, е добар елемент содржан во законот.

Дали е  ова доволно, дали е ова она што гарантира антикорупциско однесување на јавната администрација? Мислам дека не е доволно, почитувани дами и господо. Поради тоа сакам да отворам едно прашање што не е непознато. Ние треба, како Парламент и како мнозинство, треба да се има предвид стандардот и прашањето на платите на јавната администрација. Верувајте ми, секоја делегација што ни доаѓа, кога говориме во однос на антикорупциските политики, веднаш не прашуваат колку е платена јавната администрација, колкава е платата на оние кои не следат во овој Парламент како служби, професионални служби и други што се дел на јавната администрација. Кога им ја кажуваме цифрата на нивната плата, секако дека платата на нашата администрација сигнализира можност за корупција. Тие се многу ниски, стимулациите се такви што не можат да им гарантираат нормален живот, нормален семеен стандард и како такви тие секогаш ќе бидат пречка во нашето справување со корупцијата.

Јас знам дека ние како држава сме биле и сеуште сме во рамките на однесувањето во согласност со стандардите и препораките на Светската банка и ММФ, но во рамките на една реформа во јавната администрација, мислам дека имаме еден пристап кој, ако треба нешто да се рационализира, задирајќи во квалитетот на администрацијата, треба да се предвиди пораст на стандардот и на плати. Нема успешни антикорупциски политики во широки размери до тој степен каде сите фактори во однос на овој процес, без едно преиспитување на стандардите на тие кои се фактори без преиспитување на платите на јавната администрација која, како што реков, е фактор во процесот на одлучувањето или во разни фази на реализирање на правата на човекот и на тие кои имаат стремеж да инвестираат во нашата земја.

Уште еднаш сакам да ја нагласам потребата дека сакале или не ова прашање треба да го отвориме во контекст на борба против корупцијата, бидејќи ни е тешко ова прашање да го отвориме во контекст на тоа што ни е ниско ЏДП по глава на жител тоа е 2500-2600 долари што е многу ниско споредено со земјите во Европската унија, имаме несоодветна социјална клима, висока невработеност и врз овие основи е многу тешко да се оствари овој контекст. Врз основа на потебата за да направиме сериозен партнер во борбата против корупцијата има можност да се отвори и преиспита ова прашање како потребно и неминовно.

Друго прашање за кое мислам дека треба да се нагласи е следното:

Овде се кажа чија ќе биде оваа комисија, бидејќи е време за измени, има измени на неколку карактеристики. Еднаш беше предлог да биде комисијата професионална, сега е предлогот да не биде професионална. Во однос на членовите во минатиот состав беше со ротација, а сега се предлага со амандман претседателот да не се избира со ротација, туку да има петгодишен мандат. Јас нема да говорам ниту за едниот ниту за другиот начин на избор, без оглед на предлозите, но ценам дека без прејудицирање сакам да кажам дека ниту за едниот ниту за другиот начин нема убедливи аргументи за да се измени тоа. Ако парламентарното мнозинство сака да има контрола врз комисијата иако комисијата се избира на конкурс како што е предвидено и поминува на парламентарни тела, вака се случувало и со други комисии кои, во суштина, се избирале на конкурс и правно, но партиите не се откажале од правото за да го кажат својот збор и како такви се деградираат сакале или не во институции кои на еден или на

друг начин се поддржуваат од парламентарното мнозинство. Се поставува прашањето ако мнозинството сака да ја сноси целата одговорност на себе за да се справи со корупцијата, нема никаков проблем да го направите како што мислите и како ви е најдобро. Да го реализирате што е можно подобро справувањето со корупцијата и до колку сте сигурни дека се созреани сите услови не ви е лично или новите пратеници, но сите како структура без кредибилитет и сила оваа работа да ја остварите сами нема проблем во тоа, вие ја имате полицијата, го имате обвинителството дали ќе биде странско или домашно, едно прашање од помало значење за да има повеќе ефект и сега сакате дополнително да имате контрола како мнозинство во однос на оваа државна комисија. Ако мислите дека е добро за вас тогаш во ред, вие можете да го реализирате тоа, но доколку мислите дека амбиентот во Македонија сеуште не е зрел да произведе јасни политики во оваа насока и кога говориме за корупцијата и организираниот криминал велиме тие, а ние велиме другите, мислам дека треба добро да се види дека оваа комисија како ќе биде компонирана и составена каде и опозицијата и другиот дел треба да има одговорност, јас мислам дека секој треба да го каже својот збор и да биде дел од оваа борба. Доколку извештајот на Европската унија е за цела Македонија каде парламентарното мнозинство има најголема одговорност, опозицијата не може да се амнестира доколку сакаме да имаме конзистентна и долгорочна политика, а не краткорочна. Затоа мислам дека неколку пратеници од позицијата со право го покренаа ова прашање и во однос на составот и формата да седнеме да разговараме за да биде прифатлива за сите нас врз основа на фактот кога се знае дека никој не ја спори потребата за појако справување со корупцијата. Доколку ги земете сите инструменти ја сносите сета одговорност, тогаш фактички вие ќе одговарате за секој неуспех или неможност на остварување на вашите цели. Ако оцените дека имате капацитет сами да го направите ова и да не го злоупотребите, да реализирате, како што е предвидено со законот, мислам дека можете да го направите тоа, но сите елементи и сите случувања од разни инстанци иако нема потреба да се поврзува со сите структури, но од разни инстанци во овој краток мандат говори дека настојувањата се инструментите да се употребат воглавном, не велам само, туку воглавном и за борбата против опозицијата или против политичките противници.

Овој процес бара поширока поддршка со цел да се спаси како процес и зачувувањето на кредибилитетот на борбата и заедничката одговорност. Како што реков, не би бил против да го направите со пет години, тој човек кој има пет години мандат, а тоа ќе биде лицето кое ќе го препорачате нема да има можност тој да се измени во текот на петте години, туку му гарантирате да биде лице кое ќе ги реализира политиките само на парламентарното мнозинство и како такви ја сносите целата одговорност.

Зошто ги менувате аргументите? Затоа велам дека сте сомнителни. Што докажа формата со ротација на претседателот на оваа комисија? Дали покажа слабост, да го анализираме ова прашање. Дали имаше моменти на кои треба да се укаже како недоследни во оваа борба, дали се покажа неможно да се реализира некоја политика само затоа што имаше ротација, дали беше кратка една година или две години, дали треба да бидат една ипол година, во однос на времетраењето на претседателот на Државната комисија не гледам ниту еден аргумент кој може да се поддржи во досегашната пракса мандатот да биде хендикеп на оваа комисија. Или траењето на мандатот на претседателот да биде хендикеп. Немаме аргументи врз кои ќе го поддржите ова што го предлагате со амандманот, бидејќи се докажа и покажа дека и оваа комисија во една мултиетничка држава принципот на ротација е од полза и добар и се покажа како таков во изминатиот мандат. Ако имате забелешки на овој метод на претседавањето со комисијата кои се покажаа како недоволни или клучна пречка за борба против корупцијата ние ќе го поддржиме вашиот аргумент дека треба да има мандат од пет години. Но, колку што знам, по мене, информациите кои ги имам и од тоа што произлегува што до сега се кажа, мислам дека не е така. Немате аргументи за да го измените петгодишниот мандат освен доколку вашиот стремеж не е да воведете претседател на таа државна комисија на почеток по ваша спогодба и договор и да му гарантирате еден мандат од пет години и нон стоп да бидете во корелација со неговите дејствија. Тука се раѓа сомнеж дека целта не е таа која треба да произлезе како што вели Европската унија и господинот Трајанов.

Доколку не дозволите да има ротација, ја имате таа цел, се прејудицира решението, бидејќи нема ниту еден аргумент кој говори за спротивното.

Второ, се вели мандатот да биде професионален или непрофесионален мандатот на членовите. Аргументите се за и против, но не прејудицирам кој го иницира ова дали го кажува овој или оној. Да го анализираме фактот. Се вели дека овие лица останувајќи вработени на друго место, а ова да го работат како непрофесионално ќе бидат понезависни. Мислам дека аргументот не е издржан и сум за тоа да ја анализираме праксата во овие изминати четири години. Праксата покажа дека овој облик на работа не даде подобри резултати како непрофесионалци членовите на оваа комисија, туку треба да бидат професионалци за да имаме подобри резултати. Мислењета се двојни некој мисли дека овој начин е подобар, друг мисли дека второто е подобро. Владата се враќа на првото решение поддржувајќи го фактот дека било одобро да бидат непрофесионални овие членови, бидејќи ќе бидат понезависни. Независноста во нашиот политички амбиент е неможна, да не се лажеме себе си ниту јавноста. Независноста е неможна и

затоа сакам да поддржам едно решение во согласност со искажани фрази кои можат да кажат ќе бидат независни или идеални, јас сум за тоа за да биде врз основа на еден индуктивен пристап што е направено до сега да ги земеме елементите од досегашното работење и дали ќе го оцениме позитивно или врз основа на ова основа кое може да биде следното решение. Ако сакаме навистина независност на овој орган има можност да се направи и како професионалци и како непрофесионалци за одредено време. Божемската независност на оваа комисија ако сакаме да ја покачиме на повисоко ниво на независност имаме искуство со Судскиот совет и таму имаме многу забелешки, но овде можеме да им овозможиме, ако е од висок куриозитет оваа комисија да ја направиме независна во Буџетот со одредена ставка и раздел во Буџетот со што ќе биде подоследна, поконзистентна и на оваа комисија да и создадеме буџетска независност со Буџетот имајќи го во предвид професионалното ниво и партиската непристрасност на овие членови, така треба да се изберат овие членови ако ги предложите како партиски членови од сега ќе ви кажам дека нема ништо да има од оваа работа и нема да почувствуваме резултати.

Буџетската независност и средствата се елементи кои можат да бидат во функција на независноста на оваа комисија. Аргументот повеќе независни доколку се непрофесионалци и обратно, мислам дека има про и контра аргументи и не држат, бидејќи кажав повеќе сум склон да го анализираме досегашното работење на оваа комисија одошто изреките дека вака или така ќе биде подобро. Секоја измена, праксата покажала, дека ја правиме за ова или за она, но на крајот тешко излегува доброто од таа работа и никој не сноси одговорност за тоа што е кажано претходно. Затоа ценам подобро да бидеме малку поправматични и да се однесуваме емпириски да видиме што е направено и врз таа основа да го воведеме парламентарното мнозинство да размисли за предложениот амандман во однос на независноста на оваа комисија, бидејќи единствениот притисок кој може да се направи се финансиите. Ќе те отпуштам од работа, ќе те деградирам или нема да те унапредам во работата, што е ова, ќе имаш повеќе или помалку средства, помали или поголеми привелегии. Кога ќе им обезбедиме финансиска независност нема да можеме да им се закануваме. Ова е најдобриот пат за да ја направиме независна оваа комисија почитувајќи ја расправата која се создаде и дилемите.

Во однос на префесионалноста и непрофесионалноста имам свои дилеми, а во однос на ротацијата убеден сум дека петгодишниот мандат не дава подобри резултати заснивајќи се на досегашната пракса практиката на ротацијата се докажа како доволна, сходна и дава резултати. Јас не гледам приини зошто треба да се промени оваа пракса на ротација.

Кога говориме за одговорност и поделбата на одговорноста како ќе го направиме тоа? Имаме едно искуство кога комисијата иако создадена со закон сега се додаваат други компоненти на комисијата и тоа со кого комуницираше комисијата беше Владата, а комисијата беше основана за да ја следи работата на тие што имаат поголема политичка и извршна власт. Моќта и силата се во извршната власт. Парламентот има одговорност, но нема моќ. Тело со кое комуницираше беше Владата, а таа е орган на Парламентот, значи има нешто што не оди.

Затоа јас почитуван претседателе ќе во предложам да се договориме, бидејќи ова не е материја на закон Парламентот да создаде парламентарна комисија за соработка и работа со Комисијата за спречување на корупцијата, бидејќи само така ќе се зачува врската и транспарентноста на работењето на оваа комисија од органот кој го избира. Парламентот не може да го избере тоа тело или членовите и понатаму да нема никаква врска да ни поднесуваат извештаи пред да се разгледуваат на комисии, а уште помалку кога сега се знае дека се подготвува нов деловник кој има многу дилеми и проблеми кои треба да ги решиме, но тоа што е евидентно е настојувањето на скратување на дискусиите на пленарните седници. Во оваа состојба кога Антикорупциската комисија нема ниту едно тело во Парламентот кое ќе ја следи работата на таа комисија мислам дека не е добро и предлагам или посебна комисија, но ако сакате да немаме многу комисии, тогаш една посебна која ќе ја следи работата од законодавниот дом работата на таа државна комисија и релацијата со институциите кои ги контролира и преку комисијата да бидат теми на расправа во ова Собрание ќе биде посоодветна форма во согласност со ова што е наш стремеж.

Ова не се совпаѓа со предлозите што ги има Павле Трајанов или другите, тоа се тела кои ќе се занимаваат со други структури, ова е парламентарно тело и претставниците на граѓаните ќе имаат можност да комуницираат и на еден начин да и помогнат на оваа државна комисија да ја оствари својата цел предвидена со закон.

Доколку сакате да покажете поделба на власт или доколку не се согласувате, ова е прашање на расправа, но секако треба да стекне кредибилитет во борба против заедничко справување со корупцијата. Јас сум за тоа да основаме една специјална комисија или постојана комисија да ја земе оваа обврска се со цел врската Парламент-државна комисија да не биде прекината или да немаме само писмени извештаи, туку да имаме односи каде ќе имаме расправи. Ова не го правиме како нешто ново во ова Собрание, ова не е ништо вонредно, ова го практикуваат многу држави кои имале исти проблеми и го направиле на патот на имплементацијата на политиките кон Европската унија.

Ова го има Словенија, Балтичките држави, го имаат и неколку други држави. За ова сум известен и е добра пракса ова да го направиме како Парламент, за да бидеме поубедливи и

поефективни во ревидирањето на политиките кои треба да ги оствариме заедно, а секој ја носи својата одговорност и тежината на одговорноста во согласност со улогата на институциите и на разни нивоа. Се надевам дека со моето излагање отворив неколку дилеми и можности со кои сакам да аргументирам дека борбата против корупцијата може да биде поефективна и порезултативна. Секако, таа треба да биде таква и за да биде таква треба да има еден поширок опфат, не само да биде инструмент на парламентарното мнозинство во сите инстанци, туку треба да има поширок опфат и предложив форми на поделбата на оваа одговорност и во овој Парламент, искажувајќи ги моите дилеми и моите предлози во врска со амандманот кој се предложи, за кој реков дека не сум убеден дека се мотивирани од мотиви кои имаат за цел справување со корупцијата, туку слободно можам да прејудицирам поради можноста на аргументи. Затоа, очекуваме Владата да го види овој момент, по можност да го повлече или да не го повлече, туку да го претвори во предлог на закон за да инкорпорира некои елементи кои веќе ги кажав, но сигурно и други пратеници ќе ги кажат, па во рок од една недела или 10 дена повторно да го поднесат законот со овие мои предлози, усогласен со предлозите од опозицијата. Мислам дека посветеноста на справувањето со корупцијата не е поделена, туку е општа, бидејќи само така можеме да имаме успеси.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јавија пратениците: Бесим Догани, Иван Анастасовски и Кадри Флора. По тој редослед сите по три минути. Повелете.

**Бесим Догани:** Почитуван претседател, почитувани дами и господа пратеници,

Тешко е да се реплицира на друг пратеник кој говори повеќе од еден час и изгледа се натпреварува со неговиот богат речник, со убавото образложување и описно образложување на Предлог законот.

За жал, ми се чини дека ни стана практика да кажуваме многу зборови, секогаш да тврдиме дека има работа да се разврши, секогаш да тврдиме и да претендираме да бидеме дел од интеграциите во НАТО и Европа. Меѓутоа, реално на Парламентот, посебно на опозицијата, за жал, ни недостасува прагматизам и конкретизам.

(пратеникот продолжува да зборува на македонски јазик)

Постојано сакаме да се навраќаме на минатото, да укажуваме на грешките, но никако не сакаме или не знаеме да учиме од нив. За корупцијата сега е практика да говорат токму оние личности кои најубаво и најумешно ја практикуваа истата. Затоа, изгледа господинот Положани се плаши од донесувањето на предлог законот. Затоа нему Антикоруптивната комисија му изгледа како нешто многу политички , затоа нему многу му е важно кој ќе биде член во таа Комисија, кој ќе ја води и вели дека ќе се прави борба против партија, а не против корупцијата. Воопшто нема врска кој ќе ја води истата Комисија, ако задачата е да се бори против корупцијата. И така ќе биде, бидејќи ние како членови на владеачката коалиција сме решени доследно да се бориме и да имаме нулта толеранција за корупцијата.

Зошто господинот Положани не беше толку гласен и звучен за отстранувањето од работа, што главно се случуваше во време на неговото владеење. Во време на неговото владеење имаше голем број избркани луѓе од работа и токму судиите кои во тоа време ги поставуваше не сакаа да ги бранат нивните права. Јас сум еден од тие работници, но има и други такви млади кадри. Зошто тогаш не се прашуваше за професионализмот и непрофесионализмот? Би сакал да ми објасни што подразбира под професионален и непрофесионален.

(пратеникот продолжува да зборува на албански јазик)

Дами и господа, од господинот Положани слушнав два предлога во неговата едночасовна дискусија. Едниот предлог беше да се основа парламентарна комисија за соработка со Антикорупциската комисија, за кој предлог мислам дека треба да се дискутира и даде предлог да има ротациски пристап.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика за господинот Азис Положани.

**Азис Положани:** Ако почнеме тука еден на друг да му кажуваме како да зборуваме и каков речник да употребуваме, а особено во негативна насока ако бил лош тој кој јас го употребив, не знам до каде ќе стигнеме. Затоа, разочаран од таквата реплика немам што да реплицирам. Тоа не е начин на кој треба да промовираме соработка и дијалог овде во Парламентот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика за господин Иван Анастасовски, три минути.

**Иван Анастасовски:** Благодарам господине претседателе,

Во принцип со внимание го ислушав колегата Положани и реално секогаш како пратеник е интересен, отвора нови теми, нуди аргументи и остава простор за дебата во неговите дискусии. И оваа негова дискусија ја сватив крајно конструктивна, да бидам искрен, меѓутоа со одреднеи тези и аргументи не би можел да се согласам, за некои можеме да полемизираме и да најдеме нешто заедничко во тоа. Добро кажавте во својот говор дека независноста е неможна. Од тој аспект, кај мене има чувство дека повторно тежиштето на расправа во однос на овој закон го вадиме од она што значи суштина, наша севкупна борба против корупцијата и го ставаме само во функција на Државната комисија. Реков и пак ќе повторам дека Државната комисија апсолутно има обврска само да препорачува, предлага и сугерира. Таа не е надлежен орган кој ја има главната борба против корупцијата. Вие добро рековте дека борбата всушност е во волјата на мене, на вас, на сите надлежни институции во

државата кои сакаат навистина 105-то место да го подигнеме на нешто повисоко.

Од тој аспект, законот ниту се носи за позицијата, ниту за опозицијата. Измените на Законот се донесуваат за поуспешна борба на сите граѓани на Република Македонија. Од тој аспект и поддршка на вашата идеја за парламентарна комисија -тоа всушност и претседателот го кажа, тоа е романскиот модел, која како вие што милувате даречете ќе биде некоја спрега или комуникација со Државната комисија, меѓутоа, тоа е добар чекор односно исчекор напред.

На крајот, само ќе цитирма еден колега од Собранието од вашата пратеничка група, кој на средината на оваа дебата ми рече: Иван, додека ние овде дебатираме, некој повторно си ги полни џебовите. Навистина верувам во тоа и сериозно ја сваќам таа мисла што ја кажа еден наш пратеник од вашата пратеничка група. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика за госпоѓата Кадри Флора, повелете.

**Кадри Флора:** Почитувани колеги пратеници,

Повеќе од евидентно е дека пратениците од опозицијата, посебно пратениците од ДУИ користат и злоупотребуваат право на слободно изразување на мислењето, секогаш префрлувајќи обвинувања до мнозинството на парламентарната позиција. Меѓутоа, ова само докажува дека тие настојуваат да добијат политички поени и истовремено да остават впечаток дека знаат многу и дека се многу паметни, заборавајќи дека изминатите 4 години од нивното владеење не само што поминаа туку во тие 4 години си ја покажаа својата способност и вештина или неспособност за решавање на виталните општествени прашања. Затоа, апелирам на конструктивност и концентирање на точките од дневен ред, така што доколку некој треба да биде обвинет или некој го измамил народот, тогаш тоа сте вие или подобро кажано тоа е вашата партија, господа. Положани-да, меѓутоа, тој дијалог и таа соработка треба да бидат конструктивни.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Положани Азис.

**Азис Положани:** Навистина жалам и репликата беше дека правам паметни дискусии и зборувам убаво. За ваша желба не можам глуп да бидам сега.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика за господинот Павле Трајанов. Повелете три минту.

**Павле Трајанов:** Еве накусо ка кажам,бидејќи господинот Положани ме спомна два пати, јас навистина сметам дека на Република Македонија и е неопходен заокружен и ефикасен систем за борба против организираниот криминал и корупцијата. И порано и сега тврдам дека не може да се води ефикасна борба преку формирање комисии, уште помалку ако тие ги дуплираме, но досегашната работа на Државната комисија за спречување на корупцијата сепак се покажа мошне успешна, ако не друго да ја подига свеста кај граѓаните дека е неопходно да се справиме со тоа зло со организираниот криминал, кое разорно дејствува во државата и полека ја јаде државата. Тоа е една работа.

Второ, се залагам за реформи во голем број закони, каде што ќе се предвидат законски можности, криминалниот имот стекнат од страна на носителите на високи државни функции секогаш и во секое време да може да биде откриен и детектиран и тој да може да биде одземен, конфискуван и средствата да се наменуваат за социјални програми. Тоа е суштината.

Инаку, се сложувам со предлогот на Владата, членовите на Државната комисија оваа функција да ја обавуваат волонтерски, бидејќи праксата досега покажа дека тие на овој начи се мошне успешни и нема потреба од професионализација бидејќи се менува, или треба да се смени суштината, содржината на надлежностите на оваа Државна комисија која што тогаш ќе се претвори во некоја институција со извршни и други овластувања.

Инаку се сложувам мандатот на претседателот на Антикорупциска комисија да биде ротирачки, секоја година да се менува. Значи да се менува тоа би било добро, бидејќи сите членови на оваа Комисија се со исти статус и рамноправни. Инаку ако продолжиме со ваква расправа без разлика на тоа што со долги расправи, без разлика на тоа што Државната комисија за спречување на корупцијата прогласи дека мандатот и натаму им трае, јас не сум убеден дека таа има мандат за било што сега да расправа и да решава и затоа е неопходно колку е можно побрзо да се донесе овој закон, односно овие измени во Законот за спречување на корупцијата за да започне постапка на еден транспарентен начин да се изберат членови на Комисијата со висок интегритет. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Азис Положани, контра реплика една минута.

**Азис Положани:** Мислам дека предлогот за една парламентарна комисија е практика која што се реализира и во многу други земји, дека тоа би помогнало и во правецот на транспарентноста на работата таму и во правец на поширока поддршка и можност повеќе да и се помогне на Комисијата од страна на тие што ја основале, односно од страна на самиот Парламент. Се знаат ингеренциите на комисиите, се зне што можат тие да прават и во кој правец, и тоа не се коси, но логично е еден законодавен дом кој создава таква комисија да има инструмент или институција со која ќе воспостави односи, нелредендирајќи дека таа ќе ги замени другите, уште помалку да ја омаловажи или да ја заташка работата на Комисијата. Целта е спротивна, за да биде во функција на поефикасна и поширока поддршка.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Кенан Хасипи, повелете.

**Кенан Хасипи:** Почитуван господин претседател на Собранието, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници,

Јас ќе се обидам во еден разумен временски интервал да ги изнесам моите гледишта околу Предлогот за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата, дотолку повеќе што се работи за еден орган кој што има и те како големо значење во ефикасната борба против организираниот криминал и корупцијата.

Се надевам дека содржината на мојот настап нема да испровоцира реплики. Општа е констатацијата дека нема друг феномен кој со таков интензитет го разјадува општественото ткиво како што е организираниот криминал и корупцијата. Исто така, општо е познато дека нема држава во светот која е имуна на ова општествено зло и која повеќе или помалку не превзема мерки и дејанија оваа појава да ја сведе во контролирани рамки.

За жал, Република Македонија согласно сите критериуми и извештаи на меродавните светски институции, тешко се справува со организираниот криминал и корупцијата, иако уште во април 2002 година, е донесен Законот за спречување на корупцијата, а веќе во ноември истата година е конституирана Државната комисија за спречување на корупцијата. Првите искуства од функционирањето Државната комисија за спречување на корупцијата ја наметнаа потребата од измени и дополнувања на Законот за спречување на корупцијата, со цел да се зајакне улогата на Комисијата во правец на професионално вршење на функцијата и превенција на сите можни облици на корупција и криминалитет во земјата. Неколку годишните искуства како расправите по извештаите на Државната комисија за спречување на корупцијата во работните тела на Собранието на Република Македонија покажаа дека нема законска регулатива и колку и да е совршена, сама по себе, без силна волја на политичките елити ќе се справи со ова општествено зло, кое како канцер го разјадува општественото ткиво. Ова дотолку повеќе што надлежностите на Државната комисија за спречување на корупцијата претежно се од превентивна природа, односно откривање на причините и условите што водат до корупција во вршењето на власта и доверените јавни функции, додека репресивните мерки се во надлежност на органите на прогонот, Јавното обвинителство, Управата за јавни приходи, судството и други институции надлежни за санкционирање на ваквите појави. Од тука, сосема е сигурно дека нема ефикасна борба против организираниот криминал и корупцијата, доколку не се постигне максимално можен синергизам меѓу Државната комисија за спречување на корупцијата, државните институции задолжени да ги санкционираат ваквите појави и политичката поддршка од страна на политичките елити. Ова дотолку повеќе што ретко која област е толку организирана и имуна на репресивните мерки колку организираниот криминал и корупцијата.

Почитувани колеги, веќе неколку денови на дневен ред се измените и дополнувањата на Законот за спречување на корупцијата, со кои законодавецот предвидува да ги надмине слабостите и недореченостите во Законот, особено во делот што се однесува на спречување на корупцијата во политиката, следењето на имотната состојба на носителите на јавни функции, како и усогласувањето на казнените одредби со измените на Законот за прекршоци.

И покрај тоа што не е мал бројот на правните експерти кои сметаат дека и постојните законски решенија се доволни за ефикасна борба против ова општествено зло, лично сметам дека допрецизирањето на законската регулатива од оваа сфера може значително да ја зголеми ефикасноста на институциите надлежни да ги санкционираат појавите на организираниот криминал и коруптивните однесувања.

Ваквите измени и дополнувања, заедно со реформите во правосудниот систем и измените во Уставот на Република Македонија би требало да ги подобри состојбите во оваа сфера.

Во тој контекс, не сум баш убеден дека изменит еи дополнувањата на овој Закон, Закон за спречување на корупцијата, по својот обем и содржина ќе бидат целосно во функција на спречување на корупцијата и ефикасна борба против организираниот криминал и корупцијата, До толку повеќе што не се целосно елиминирани опасностите од политички влијанија при избор на претседател и членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата што произлегува од содржината на член 16 од измените и дополнувањата, а се однесува на член 48 од Законот за спречување на корупцијата.

Во прилог на ваквиот мој скептицизам одат и коментарите на дел од стручната и научна фела од областа на организираниот криминал и корупцијата.

Спрема нивните согледувања, до колку не се елиминираат можните политички влијанија Државната комисија за спречување на корупцијата тешко дека ќе може професионално да ги извршува доверените надлежности, ниту пак со ваква поставеност ќе може да се развие мрежата на исклучително добро организираните криминални структури.

Исто така, индикативно е зошто се напушта принципот на ротација и се препорачува фиксен мандат на претседателот на Државната комисија за спречување на корупцијата од 5 години, без право на повторен избор. Ова дотолку повеќе што во образложението на измените и дополнувањата на Законот за спречување на корупцијата со ниеден збор не се објаснува зошто се напушта тој принцип, кои се неговите слабости и што е предноста на фиксниот мандат. Тоа се разбира остава широк простор за политички влијанија при изборот на претседателот на оваа функција и фрла сенка врз искрените намери на Владата за

ефикасна борба против организираниот криминал и корупцијата.

Во прилог на вакви размислувања зборува и членот 48 од измените и дополнувањата на Законот за спречување на корупцијата. До колку добро се проанализираат решенијата содржани во член 48-ѓ, ќе се констатира дека условите за разрешување на член на Државната комисија за спречување на корупцијата се крајно редуцирани. Член на Државната комисија за спречување на корупцијата може да се разреши ако сам го побара тоа, ако е осуден за кривично дело за кое му е изречена казна во траење повеќе од 6 месеци и ако трајно ја изгуби способноста за вршење на функцијата. Никаде не стои можноста за разрешување на член на Државната комисија за спречување на корупцијата, до колку дотичниот член или Комисијата во целина не ги извршува со закон доверените надлежности, ги злоупотребува, или ги извршува на селективен начин. Освен тоа, процедурата за разрешување е дискутабилна и остава сомнеж во искрените намери на законодавецот.

Имено, иницирањето на процедурата за разрешување на член на Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на самата Комисија со мнозинство гласови остава простор за можни политички критериуми при спроведување на постапка. До толку повеќе што политичките влијанија при изборот на членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата не се целосно елиминирани.

Оттука доставувањето на предлогот до Комисијата за избор и именување, а ова до Собранието на Република Македонија со ништо не ја намалува ваквата можност, имајќи го предвид фактот дека работните тела на Собранието на Република Македонија се структуирани согласно бројот на пратениците на парламентарните политички партии.

При ваква поставеност на овеи структури илузорно е да се очекува политичките критериуми да немаат влијание при иницирањето и спроведувањето на постапката за разрешување на член на Државната комисија за спречување на корупцијата. Ваквите стравувања на пратениците од опозицијата и дел од стручната и научната јавност ќе бидат тестирани веќе во наредниот период, до колку дојде до промена на составот на Државната комисија за спречување на корупцијата и избор на нови членови на оваа Комисија и начинот на кој тоа ќе се направи. До колку се обистинат ваквите стравувања, сериозно ќе се стават во сомнеж искреноста на намерите на владеачкото мнозинство за ефикасна борба против организираниот криминал и корупцијата, што посебно добива на тежина, имајќи предвид дека борбата против организираниот криминал и корупцијата е еден од битните предуслови за започнување на преговорите за полноправно членство во Европската унија.

Во тој контекст, не само оваа Влада, било која наредна Влада треба максимално да го стесни полето на можните политички влијанија при структуирањето на Државната комисија за спречување на корупцијата. Во спротивно, сакале тоа или не, најдиректно ќе се намали ефикасноста на оваа институција задолжена за ефикасна превенција на корупцијата и организираниот криминал, како и за зајакнување на отчетното однесување на носителите на јавните функции и на правни лица кои што располагаат со државен капитал.

Се разбира дека, улогата на Собранието на Република Македонија, т.е. парламентарната контрола на активностите на Државната комисија за спречување на корупцијата е особено значајно. Дотолку повеќе што преку парламентарната контрола се обезбедува не само транспарентност во функционирањето на оваа мошне значајна институциија, туку се обезбедува поширока политичка контрола и се потенцира улогата на политичките елити во справувањето со ова општествено зло.

Оттука, сметам дека е неопходно сите заедно да се заложиме за поактивна улога на Собранието на Република Македонија кое ќе го поттикнеме, до колку преку измените и дополнувањата на Законот за спречување на корупцијата, ја задолжиме Државната комисија за спречување на корупцијата по мене најмалку двапати годишно д аподнесе извештај до Собранието на Република Македонија која преку разгледување низ работните тела во Собранието и низ парламентарната дебата ќе бидат разгледани од сите аспекти и согласно на тоа ќе се донесат соодветни заклучоци.

На овој начин, најнепосредно ќе се влијае на зајакнување на свеста на отчетното однесување на носителите на јавни функции и јавно ќе се жигосаат појавите и носителите на криминалното и коруптивното однесување. Ова само по себе, заедно со поактивен ангажман на електронските и печатените медиуми, ќе обезбедат критична маса, за подобрување на состојбите во оваа сфера.

Морам да истакнам дека е добро што законот ги прецизира роковите на изборната кампања, од едноставна причина што искуството покажува дека изборните кампањи кај нас започнуваат многу порано од законски утврдениот рок.

Од друга страна, со измените и дополнувањата на Законот за спречување на корупцијата се санкционираат и појавите на финансирање на политички партии и нивната изборна кампања од анонимни извори.

Лично сметам дека сегашното финансирање на политичките партии и нивните изборни кампањи со износи кои ни од далеку не ги задоволуваат елементарните потреби на политичките партии отвараат широк простор за алтернативни извори на финансирање, што не може да се спречи со никакви законски решенија.

Оттука, легалното и транспарентното фианнсирање на политичките апртии и нивните изборни кампањи со реални износи се наметнува како императив, доколку сакаме да ги

елиминираме анонимните извори на финансирање.

Токму од тие причини, неопходни се итни и неодложни измени во Законот за финансирање на политичките партии и нивните изборни кампањи и нивно усогласување, не само со Законот за политичките партии, туку и со основните принципи и постулати на Законот за спречување на корупцијата.

Само на тој начин може да се спречи корупцијата во политиката, или во најмала рака да се сведе во контролирани рамки.

Почитувани колеги, досегашните искуства во функционирањето на Државната комисија за спречување на корупцијата покажуваат дека недоволната ефикасност на оваа Комисија во превенцијата на организираниот криминал и коруптивните дејанија се должи на недоволна соработка со државните институции надлежни за санкционирање на ваквите појави, или за доставување на соодветни информамции и податоци на Државната комисија за спречување на корупцијата, како на пример минситерствата, Управата за јавни приходи, Јавното обвинителство и слично.

Не случајно, во извештаите на Државната комисија за спречување на корупцијата, недоволната соработка со државните органи се наведува како една од најсериозните причини за недоволната ефикасност во борбата против организираниот криминал и корупцијата. Таа соработка се наметнува како императив, дотолку повеќе што Државната комисија за спречување на корупцијата во својата кадровска екипираност и техничка опременост има ограничен капацитет во однос на бројот на државните службеници, кој е реалтивно висок.

Оттука, измената на Законот со која анкетните листови за имотната состојба да се доставуваат и чуваат во органот каде што службеното лице е во работен однос е добро решение, под услов органот во кој е вработено службеното лице да се задолжи истите да се достават до Државната комисија за спречување на корупцијата, а не тоа да биде на барање на Комисијата во случај на индиции за коруптивни дејанија. Ова од аспект на подобро следење на ваквите деанија, поради ограничениот капацитет на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Особено е значајно што со измените и дополнувањата на Законот за спречување на корупцијата предвидуваат јавност на содржината на анкетните листови, т.е. на имотната состојба на избраните и именуваните носители на јавни функции, со што, најдирекно се влијае на зајакнување на свеста за совесно и транспарентно вршење на доверените надлежности.

На крајот да резимирам. Иако предлогот за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата во одредени свои сегменти ги надминува слабостите и недореченостите на претходната верзија на Законот, можноста за политички влијанија при конституирањето на Државната комисија за спречување на корупцијата фрлаат сенка врз искрените намери за сериозна броба против ова општествено зло.

Ова дотолку повеќе што актуелните состојби во оваа сфера ниту дозволуваат импровизации, ниту пак може да се надминат со политички подобни членови на Антикорупциската комисија. Во секој случај времето ќе биде најдобриот судија и ќе ги покаже виситнските намери на Владата. Би бил среќен кога Владата со преземените активности би го демантирала мојот скептицизам по ова прашање.

Впрочем, ефикасната броба против организираниот криминал и корупцијата во овој момент е еден од најбитните предуслови за утврдување на датум за отпочнување на преговите за полноправно членство во Европската унија. Крајно е време да започнеме сериозна броба против ова општествено зло. Благодарам на вниманието.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има госпоѓа Роза Топузова-Каровска.

**Роаза Топузова-Каровска:** Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Повеќедневната дебата упатува на тоа со каква сериозност пратениците приоѓаат кон оваа тема. Приоѓаат кон предметот кој што третира една многу загрижувачка и сериозна појава во Република Македонија, корупцијата.

За жал, морам да констатирам дека моментната состојба во салата не упатува на тоа, но претполагам дека колегите пратеници од парламентарното мнозинство не се заинтересирани да ги слушнат нашите дискусии. Но без разлика на тоа, јас ќе го искажам ставот на пратеничката група на ЛДП.

Значи, како штокажав мора сите ние да имаме сериозен пристап кон борбата за спречување на корупцијата, кон намалување на нивото на корупцијата во Република Македонија и жестока борба со организираниот криминал.

Токму поради тоа, почитувани колеги пратеници, колку и да настојувам не можам да ја разберам несериозноста на Владата со предложениот амандман во последен момент да направи суштински измени во овој закон.

Не можам да разберам, затоа што навистина се работи за една многу чувствителна материја што мора да признаеме сите ние овде дека имаме заеднички став, а тоа е час побрзо да се зафатиме со битката, со максиманлни заложби, не само од страна на Владата, туку и од сите политички субјекти, вклучувајќи го во голема мера и невладиниот сектор.

Мораме тоа да го направиме, затоа што навистина ова зло во голема мера ги разниша темелите на економијата во државата, што пак, секако многу лошо се одразува врз стандардот на граѓаните и нивното секојдневно живеење.

Но да бидам искрена, уште повеќе ме загрижуваат сигналит екои што ни доаѓаат од Меѓународната заедница, вклучувајќи го и скоро пристигнатиот Извештај од Европската заедница, дека треба најсериозно да ја сфатиме оваа битка и да почнеме да се справуваме со корупцијата и организираниот криминал кои буквално како појави ми стојат брутално на патот кон Европската унија. А уште повеќе, ме загрижува апелот кој што го слушам ид граѓаните, кои што секојдневно се среќаваат во својот секојдневен живот со девијантни појави од корупцијата, кои што навистина во голема мера им се отежнува остварувањето на своите права и притоа, навистина, ние мораме, наша должност е пред се, овде со заеднички искажани ставови да направиме се, за да овој закон во гоелма мера биде во функција, како на битката со корупцијата, така и во функција на сите граѓани на Република Македонија.

Токму поради тоа, сметам дека е време да направиме со овој закон и со оваа битка со корупцијата да направиме разлика помеѓу она што претставува корупција во Република Македонија, затоа што навистина, не можеме да кажеме, иако таа е длабоко навлезена во сите пори на живеење, на секојдневното живеење, не можеме да кажеме дека сите луѓе во Република Македонија се корумпирани, или сите оние што имаат некаква можност дека се корумпирани.

Токму во таа насока, никако не смееме да кажеме дека сите судии се корумпирани, или дека сите лекари се корумпирани, дури пак дека и сите политичари се корумпирани. Треба со жестока борба да ги издвоиме и да ги покажеме, а што е најважно и да ги санкционираме сите оние кои што се огрешиле со законот, сит еоние кои што ја злоупотребиле својата функција и остварилненекои материјални добивки, а притоа, нанеле зло и штета не само на државата, туку пред се, на народот на Република Македонија.

Токму поради тоа, велам, само што препознав можеби волја кај оваа Влада да отпочне со оваа битка која што мора да признаеме дека нема да биде ни малку лесна, а ја препознав поради следното: Само на неколку недели пред оваа дебата, почитуваниот министер, господинот Маневски на конференцијата која што се одржа во Струга ќе каже и ќе се заложи за професионализација на членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата, што навистина сметам дека е многу важно за независноста на ова тело за спречувањето и за фаќање во жестока борба со корупцијата. Кон тоа би сакала да додадам дека и образложението од почитуваниот заменик министер, господинот Сашо Василевски беше во таа насока. Читам од експозето кое што го поднесе, пред да почнеме да дебатираме по овој закон, каде што вели: “Имено, имајќи ги предвид искуствата од досегашното функционирање на Државната комисија за спречување на корупцијата, како и интенциите за обезбедување на што повисок степен на независност на ова тело, се оцени за опортуно, членовите на Комисијата и во следниот состав функцијата да ја извршуваат без професионален статус. Со тоа, уште еднаш се потврдува определбата на оваа Влада да ја манифестира веќе искажаната волја за справување со корупцијата, со која ќе предложи решение, со која ќе се обезбеди висок степен на независност на ова тело”.

Ова се зборовите кои што заменикот министер ги кажа на оваа седница од оваа говорница и јас навистина, не можам поинаку да ги толкувам, отколку онака како што овде се изнесени во стенограм.

Да кажам дека навистина Владата има волја, покажува волја да се справи со корупцијата и да направи едно независно тело, кое што ќе може со голема сериозност да си ја обавува својата функција. Но, за жал, стигнаа амандманите, а тоа не ни е прв пат, од Владата во пет минути до 12 од кога одредени закони ќе поминат на телата на Комисиите ќе расправаме по нив, ќе поднесеме амандмани, Владата во последен момент да поднесе амандман и со тоа во голема мера го измени текстот на Законот.

Почитувани колеги пратеници, основна, првенствена должност на нас пратениците е да ги следиме законите и измените кои што ни се нудат, па преку амандмани да можеме да интервенираме во нивно подобрување. За оваа цел ние многу често можеби не ја познаваме проблематиката на која што се однесуваат конкретните закони, но за тоа имаме можност да консултираме одредени експерти, да консултираме луѓе кои што директно ги засега одредената проблематика, да го слушнеме јавното мислење и врз основа на тоа да поднесеме амандмани. Со ваквиот начин на практицирање на власта, со ваквиот начин на поднесување на амандманите, а тоа дека е така говори и фактот што така беше случајот со Законот за полиција, истото ни се повтори и со ребалансот на Буџетот и сега по трет пат Владата во свои манири ни достави амандман со кој што се изменува законот, иако во образложението вели дека со овој закон се допрецизираат одредбите што се однесуваат на мерките и активностите за спречување на корупцијата во политиката и особено уредување на делот што се однесува во постапката за избор и именување на членовите на Државната комисија, како и усогласување со Законот за прекршоци во делот на казнените одредби, што усогласувањето е евидентно и тука нема што да забележам. Значи, не само што владините претставници, почитуваниот министер, почитуваниот заменик министер се демантираа многу брзо во рок од три недели, туку и во самото објаснување на текстот на Законот стои нешто сосема друго, од она што денес расправаме. Но за жал тука не го гледам почитуваниот колега Трајко Велјаносвки, кој што искажа дека сме расположени само да критикуваме, а да не пофалиме нешто што е добро. Почитуван колега Велјановски и јас во изминатиот мандат, да бидат искрена, исто како и

вас очекував дека пратениците од ВМРО ДПМНЕ ќе кажат и по некој добар збор, за било кој од законоите, но тоа не се случи во изминатите четири години, сепак, јас нема да бидам иста како вас и за разлика од вас ќе кажам дека во понудениот закон има и добри решенија.

Сега, би сакала сосема накратко да се задржам на нив и да кажам дека навистина, пак ќе повторам, доколку не стигнеа амандманите, можеби во голема мера законот ќе си ја исполнеше својата цел, затоа што има заложби кои што навистина одат во прилог за спречување на корупцијата во политиката. Конкретно, во оваа насока се и членовите на Законот од 1 до 5 каде што се санкционираат појавите на предвремено отпочнување на изборната кампања од страна на одредени партии, а што е уште поважно се создаваат претпоставки за санкционирање и на можните незаконски постапувања по однос на користењето на буџетските средства кои би се вршеле во периодот на пред официјалното отпочнување на изборната кампања, па и за време на кампањата.

Почитувани колеги, сведоци сме дека многу често токму во предизборната кампања, како и изборната кампања ни се случива злоупотреба на буџетските средства. Еве и во овој момент, ако сакате, само еден ден пред ова, веќе градоначалникот на Скопје, господинот Трифун Костовски укажа на една појава за злоупотреба на финансиски средства од Буџетот на Република Македонија, односно од едно јавно претпријатие за време на кампањата на одредена политичка партија. Не ги именувам, затоа што навистина тоа е само едно искажување, но јас морам да ги сфатам сериозно укажувањата на градоначалникот ако тие се јавно изречени. Можеби ќе се испостави дека не е така, но, во овој момент стои фактот дека во јавното претпријатие Водовод и канализација биле злоупотребени големи средства и наменети токму за целите на изведување на кампањата и рекламниот материјал на партијата на која што припаѓал тогашниот директор.

Исто така, забраната за користење на средства на политичките партии се проширува и на анонимните избори, што сметам дека е добро, затоа што со целосна транспарентност во финансирањето на политичките партии и нивните кампањи, во голема мера ќе се спречи можноста за корумпираност понатаму на функционерите кои што ќе ги заземат местата и кои ќе дојдат на функција од тие политички партии. Само така ќе можеме системски да се зафатиме и да ја зајакнеме битката со организираниот криминал.

Сега, би се вратила на она што го реков на почетокот односно на амандманот кој што ни го достави Владата, со кој што во голема мера се измени токму начинот на кој што ќе функционира едно од најзначајните тела кое што треба да се справи со корупцијата во Република Македонија. И конечно, затоа што и јас, како и сите вие почитувани пратеници, навистина не сакам повеќе да ја гледам Македонија на 105-то место на корумпираност, туку не како што рече еден мој колега да биде повисоко, туку да биде многу, многу пониско од тоа место односно да биде некаде барем до првата половина на листата. За тоа ни треба многу напор, многу работа од сите нас, ни треба многу сериозен пристап, ни треба не само да укажеме, туку реков и до крај да се санкционираат сите девијантни појави кои што се поврзани со корупцијата и со организираниот криминал. Затоа, мислев и сметам дека навистина независноста на членовите на Државната комисија е од голема важност и затоа беше добро да имаме една пропишана процедура каде што членовите ќе бидат избирани од страна на Собранието, што не е спорно и претседателот ќе биде избран од самата Комисија и нема да имам мандат од пет години, туку ќе се даде можност на повеќе членови од самата комисија да застанат на чело на ова тело и сосема одговорно да се зафатат со проблемите кои што веќе неколку пати ги спомнав.

Исто така, во истата насока, подигањето на нивото на независност одеше и решението на различна должина на мандатот на членовите на Комисијата. Тоа, исто така, го сметав за добро, затоа што така ќе се овозможи една комисија која што ќе биде формирана или избрана за време на една Влада, да може да го продолжи своето дејствување, односно својот мандат и подолго отколку можеби би траела таа Влада или отколку би траело одредено парламентарно мнозинство.

Многу важна, според мене, е професионалноста. Мислам дека без исклучок членовите на Антикорупциската комисија мора професионално да си ја обавуваат својата должност, затоа што само така ќе бидат независни. Не е точно искажаните тези дека со тоа што тие ќе биделе вработени или ќе земале плата од страна на државата, ќе работеле под притисок. Напротив, сметам дека членовите избрани на јавен конкурс кога ќе се даде можност на повеќе сручњаци, експерти, луѓе кои што навистина чесно и одговорно сакаат да се зафатат со битката за корупцијата, да можат да конкурираат. Од нив да се изберат најдобрите и тие професионално за време од својот мандат да си ја обавуваат својата функција. Тие да бидат насочени само кон проблемите со кои што треба да се занимаваат, а бидејќи не се малку мора да признаеме сите ние дека навистина ќе има и премногу работа во Република Македонија за нив. Немојте да се плашиме дека ќе останат без работа. Тие луѓе во овој случај нема да бидат професионалци, нема професионално да ја обавуват својата работа, туку напротив ќе работат на други свои професии, можеби адвокати, можеби нешто сосема друго, што овде сега не би сакала да погодувам. Потоа, во времето кое што им останува ќе работат во ова таказначајно тело и ќе можат да се фатат во сериозна битка со корупцијата. Да бидам искрена, не верувам во тоа, токму поради тоа, пред се, не само за нивната незвисност, туку и од времето кое што им е потребно, мислам дека беше добро оваа функција да ја обавуваат професионално.

Почитувани колеги пратеници, имам и одредени забелешки на некои недоречености во одредени членови кои што тука стојат. За да не земам збор повторно кога ќе се расправа по текстот на законот, сакам да кажам дека можеби би било добро работите да се дефинираат до крај, токму поради тоа што имаме измени во законот и она што не било кажано во првичниот текст, сега да се поправи, се во функција за подобро да функционира законот.

Имено, во членот 24, ставот 2, кој станува став 3 по зборовите "без одлагање", се додаваат зборовите "задолжително постапување во рок од 15 дена". Ова се однесува, да појаснам, за јавноста за пристапот до информации, за добивање на информации и дека не може да се повикува на државна, сллужбена и друга тајна, туку напротив се заменуваат со зборовите: "класифицирани инфорамции во кој случј се постапува согласно законот". Јас мислам дека овде беше во ред да се цитира со кој закон се поставува, затоа што меѓу другото имаме и Закон за слободен пристап до информации, а имаме и други закони кои што ги третираат класифицираните информации. Токму поради тоа сметам дека овие работи треба да бидат до крај искажани.

Сосема на крајот, мислам дека Владата се уште има можност да се врати на своето првично решение, она што ми го предложи во самиот закон, затоа што само така ќе ја покаже својата волја, навистина во Република Македонија да почне да функционира едно апсолутно независно тело составено од експерти, кои во целост, во цело работно време ќе бидат посветени за справување со битката со корупцијата.Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Александар Николовски има реплика од три минути.

**Александар Николовски:** Почитуван претседателе, почитуван заменик министер почитувани колеги.

Навистина, имаме една плодна дискусија, доста конструктивна и јас во таа насока очекувам и да продолжиме. Но, за жал, овде завлеговме во темите кои апсолутно не се предмет на денешната дискусија и во таа насока јас би сакал да и одговорам на колешката. Забелешката се однесуваше на работењето во градот и би сакал да ви одговорам со неколку прашања.

Дали прашањето кое што го отворате денес, значи помеѓу другото и на вашата прес конференција ова што го отворате денес дека вие објавувате една нова коалиција која што се вика коалиција Пенов, Трифун Костовски и дали таа коалиција е да се заштитат помеѓу себе и дали во позадина на таа коалиција можеби стои заеднички интерес од типот на Кермез или кинескиот ѕид во Градскиот парк. Исто така, кога зборуваме за корупцијата, можеби ќе треба за брзо време во однос на кинескиот зид да разговараме и за одземање на имунитет на некои од колегите пратеници, заради тоа што процесот се отвори и допрва ќе видиме кој е се одговорен.

По однос на работењето во Водовод и канализација и во градот, јас би ве посоветувал да побарате од соодветните органи да реагираат и да видиме кој и што правел и во кој период тоа го правел. Исто така, она што е особено значајно и за што треба веќе еднаш јасно да проговориме тука, помеѓу другото и со овој закон е да се затворат конечно во Македонија оние кругови кои што помеѓу себе само се менуваат односно ротираат, а на крајот на денот ништо не се менува.

Ние ќе имаме реална борба со корупцијата во Република Македонија, само ако успееме да ги спречиме номенклатурите и сруктурите кои што се штитат помеѓу себе, да не го прават тоа повеќе и дали е многу битно, дали вие ќе придонесете раката ми е рака, така е старата римска поговорка, веќе не ни се случува помеѓу другото и помеѓу вашиот сегашен лидер и неговиот наследник, заради тоа што ќе ве потсетам дека во овие скоро две години ниедна иницијатива не е поведена да се испита работењето на вашиот лидер, што многу зборува за она што вие денес го правите. И пак ќе прашам, дали позадината на овој интерес се Кермес и Кинескиот ѕид. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Една минута контра реплика има Роза-Топузова Каревска.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам.

Премногу прашања за да се одговорат во една минута. Но, само толку ќе кажам дека навистина, почитуван колега, ја разбирам загриженоста кога спомнав една ваква чувствителна тема, која можеби директно го засега и вашиот лидер, бидејќи вие го спомнавте лидерот на ЛДП. Меѓутоа, без разлика, се сложувам со вас, да, тоа е нешто кое што допрва треба да се испита и тука нема што да се додаде. Но, јас цитирав изјава на актуелниот градоначалник.

Што се однесува до имунитетот, апсолутно секогаш се залагам за оние што се огрешиле пред законот, да излезат пред лицето на правдата и да се одделат корумпираните од некорумпираните луѓе било во која свера на дејствувањето.

На крај, почитуван колега, не се грижете за Трифун Костовски, нема да ви гоземеме, тој е ваш кандидат, тој е ваш градоначалник, не ни треба човек кој што му нанесе огромно зло на главниот град на Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господин Тале Герамитчиоски.

Повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Би сакал да ја искористам оваа дебата по повод измените на Законот за спречување на корупција да кажам одредени свои дилеми кои што се јавија како резултат на внимателно слушање на

дебатите кои што се отворија од страна на повеќе пратеници. Најнапред за самата корупција како термин, очигледо е дека ни е омилена тема не само на нас, туку и на јавноста, постојано константно е присутна во дебатите на јавноста, но прашање е терминолошки кога се засилува, а кога се запалува, односно кога спласнува интензитетот на дебатите кој колку е корунпиран кој кому му дал и кој на кој дал и кој од кого зел. Терминот е доста употребуван но ми се чини дека е и доста злоупотребуван. Како потврда на оваа моја теза е и последното дебатирање помеѓу двајцата колеги кои што користејќи ги најновите информации или сознанија за корумптивни дејства во одредени институции, започнаа повторна своја полемика која што е уште поинтензивна во јавноста и која што уште пожестоко се одвива бидејќи народот сака такви теми.

Поводот на ова мое размислување како да се стави крај или да се намали интензитетот на таквите злоупотреби на терминот корупција, се многубројните примери, но мотивиран сум од искажувањето на академикот Камбовски што го слушав во една дебатна емисија на радио, пред неколку дена, кој кажа дека ние сме една од земјите во врвот на Европа во која се користи мерката притвор многу лесно, многу често, без да се почитува презумпцијата на невиност и тоа се користи како казнена одредба, без да се утврдат дополнително доказите или во претходната постапка доказите за дејствијата на личноста на која и се изрекува мерка. Тоа внимателно го слушав каде се кажа дека и нема докази колку државата во изминатиот 10 или 15-годишен период, користејќи ги овие непроверени информации, ја користела оваа мерка и понатаму во институциите на системот се докажало дека неосновано е применувана и дебело била наплаќана од страна на луѓето кои неправилно биле притворани. Се поставува прашањето, дали некој истражен судија, дали некој јавен обвинител или друго лице за неправедно изрекување на мерката притвор, до сега одговарало во тој поглед, дали до сега било утврдено, од страна на овој Парламент, како се трошат народните пари во поглед на тој дел, на обештетување на такви лица. Оваа теза која ја промовирам ми смета, бидејќи самите ние сме виновни зошто се наоѓаме на 105-то место. Корупција постоела, постои и за жал, како појава, ќе постои, каде што има пари, каде што има интереси, секогаш во општеството како зло. Во зависност од механизмите и волјата која ја користи власта во тој период, ќе се намалува, или можеби ќе се зголемува во својот интензитет.

Во конкретниот случај на законско решавање на механизми и постапки за намалување на корупцијата, постојат различни опции за итни дебати, што во нашиот постоечки закон би требало да засилиме како компонента, а го пропуштивме во овој момент, концентрирајќи се само на Комисијата за спречување на корупцијата. Што сакам да кажам?

Ако внимателно ги проследите изјавите на досегашните членови на Комисијата за спречување на корупцијата, сите се жалеа, барем во своите официјални извештаи, на слабата или недоволна соработка со другите институции на системот одговорни за санкционирање односно за спречување на коруптивните дејствија. Тука ја отворам првата дилема, дали во нашиот Закон, во членовите, во доволна мерка сме ги решиле неопходните или потребните механизми, ако треба и за присилно соработување помеѓу надлежните институции во системот за да се спречи, а потоа да се санкционира корупцијата како процес. Примерите се очигледни. Немаше долгогодишна соработка со јавниот обвинител, а првата претпоставка за успешно решавање на овие процеси е соработката помеѓу Комисијата и Јавниот обвинител да биде на највисоко и најинтензивно ниво.

Понатаму, соработката со Министерството за внатрешни работи, соработката со судовите. Често пати членовите на Комисијата се жалеа дека тие, меѓу кои и актуелниот министер за правда и поранешен претседател на Комисијата, се пожали на јавноста дека Комисијата разработила повеќе случаи кои не добиле судска завршница и јавно го постави прашањето зошто тоа е така. Јас мислам дека одговорот на тоа прашање не е баш позитивен за едната и за другата институција. Ако аргументите кои Комисијата ги доставила до надлежните органи, до Јавното обвинителство или до судството, не биле прифатени, тоа значи дека Комисијата и не работела добро, туку своите заклучоци и предлози ги базирала врз недоволно аргументирани сознанија кои ги добивале по пат на анонимки кои не биле доволно аргументирани или утврдени. Ако пак судството не довело до завршница на поголем дел на предмети кои аргументирано биле потегнати од страна на Комисијата, тогаш уште повеќе, како државјани на Република Македонија треба да не загрижи фактот дека ние имаме поголем проблем, дека судството не одговара на сега најекспонираниот институт односно орган кој е надлежен за јавно обелоденување на процеси на корупција во Република Македонија. Тоа навистина е многу загрижувачки, доколку е така.

Според мене, лаички тврдено, се разбира, не сум правник, во Законот исто така во иднина стручњаците треба да посветат внимание кои дополнителни механизми би требало да бидат вградени за да се спречи самата појава и дали има пренагласена компонента на казнените одредби визави одредбите на самото спречување на процесите.

Конечно, во Законот во голем дел на одредени членови се третира статусот на Комисијата за спречување на корупцијата. Ми се чини пренагласено е ставена во центарот на сите збиднувања.

Исто така, се отвора прашање колку Комисијата е инструмент на јавноста, колку е транспарентна во своето работење и колку постои оној директен

линк помеѓу граѓаните и Комисијата и каков механизам постои за утврдување на сознанијата од страна на граѓаните. Знам поголем број на примери во кои Комисијата поголем дел на времето потрошила во работа на проверка на податоци на анонимни писма на граѓани за одредени коруптивни појави, без документирано да бидат аргументирани, а помалку време потрошила на очигледни процеси во кои на многу поедноставен начин можела и самата да прибави соодветна документација.

Во јавноста, исто така е поделено мислењето, се разбира зависи во какви кругови се движиме, дали Комисијата имала еднаков пристап при дешавање на проблемите. Голем дел на примерите од нејзиното работење односно јавните дебати кои во овој собраниски Дом во претходниот состав беа отворени, укажуваат на фактот дека постоеле елементи на пристрасност кај Комисијата, или занемарување на фактите на одредени процеси, почитувајќи го политичкиот амбиент во тој момент, што исто така мислам дека е опасно за Република Македонија во наредниот период.

Сега за самите измени на Законот.

Поттикнат од искажувањата на мојот колега Вељаноски. Тој од оваа говорница искажа одредени забелешки на опозицијата дека со своевидни дебати и опструкции сакаме, на овој или на оној начин да го девалвираме напорот за подобрување на текстот, што не е точно. Тој отвори една дилема. Главната замерка ни била професионалност или непрофесионалност. Јас во репликата најавив дека би отворил 4-5 проблематични прашања.

Прво, професионалност или непрофесионалност на членовите на Комисијата, дали тој да биде професионален или непрофесионален.

Морам да признаам дека ни јас самиот лично не сум начисто. Постојат аргументи за и против, доколку непристрасно ги анализирате позитивните и негативните страни на статусот. Постојат добри аргументи за професионалност во дејствувањето, но има и добри аргументи за непрофесионално дејствување. Но, како што впрочем во Република Македонија секогаш се користат ваквите дилеми за политизација и во овој дел, некоректно е започнат дијалог односно недостаток на дијалог помеѓу власта и опозицијата, на спротивставување на овие аргументи. Професионалноста дополнително ќе го оптовари Буџетот на Република Македонија, но со оглед на малата бројка и тоа е занемарливо во однос на ефектите што сакаме да ги постигнеме.

Одговорот на прашањето дали е подобро професионално или непрофесионално извршување на функцијата, би бил најсоодветен доколку дадеме одговор на прашањето кои компетенции или какви надлежности ќе спроведуваат членовите во идниот состав на Комисијата, дали ќе ги користат искуствата, се разбира негативни, на претходниот состав, за да ги подобрат своите активности, или ќе продолжат со оние аномалии кои беа карактеристични за претходниот состав.

За мене клучниот проблем кој не можеме да го решиме во меѓусебните дебати е, 5-годишен мандат на членовите на Комисијата и 5-годишен мандат на еден избран претседател на Комисијата. Логично е прашањето што сакате да постигнете со тоа. Ако анализирате, во досегашниот начин во работењето на претходниот состав на Комисијата, претседателот на Комисијата стануваше една медијска личност која многу често на одредени прес-конференции покренуваше тектонски пореметувања во јавноста. Значи,се искажуваа одредени сомневања кои, за жал, ќе беа прифатени од јавноста доколку имаа судска разрешница, но, најголемиот дел од тие сомневања останаа во судските лавиринти и затоа ќе останат сомневањата дали тие беа политизирани искажувања, арументирани или неаргументирани искажувања.

Едно од клучните прашања е принципот на избор на членовите на Комисијата за спречување на корупцијата.

Доколку правите компаративна анализа со другите европски земји ќе видите дека дадено е правото на опозицијата да има клучно влијание во предлагањето на идните членови на Комисијата, се разбира дека тие не треба да бидат партиски послушници. Значи, однапред ги отфрлам сите оние претпоставки дека тоа претпоставува дека ќе бидат предлагани членови или симпатизери на опозицијата. Напротив, можат да бидат предлагани непристрасни, доволно компетентни и стручни луѓе кои што нема да бидат оптоварени со политичкиот амбиент и реално и трезвено ќе ги согледуваат сите оние информации и искажувања кои што ќе допираат од јавноста но и од институциите на системот.

Како заклучок на овие мои искажувања, единствен излез за добро постапување на овој Парламент, гледам во постапката на изгласување на амандманите кои што дел од пратениците на Социјал-демократскиот сојуз ги дадоа после амандманите на Владата, во кои голем дел од овие дилеми или претпоставки за нетранспарентно и политизирано понатамошно дејствување на Комисијата за спречување на корупцијата ќе бидат на сила. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика Дулиќ Благородна, повелете три минути.

**Благородна Дулиќ:** Благодарам.

Почитуваниот колега се обиде да направи една ретроспектива за досегашното работење на Антикорупциската комисија во заминување и особено истакна дека не било реагирано за злоупотреба на мерката притвор пред судовите, и зошто никој од судиите не одговарал за таквите постапки. Точно е тоа дека оваа мерка беше злоупотребувана и тоа селективно, меѓутоа, колегата треба да знае, и сигурно знае дека стручноста и несовесноста во постапувањето на судиите единствено го цени Републичкиот судски

совет. А како ќе ја цени таа работа на судиите Републичкиот судски совет кога почитуваната Ленка Софрониевска пријавата од антикорупциската комисија што беше за нејзино неподнесување навремено на анкетниот лист, дозволи прекршочната постапка да застане. Сакам да кажам дека навистина не постоеше никаква координација помеѓу дејствувањето на Антикорупциската комисија и органите за прогон, поточно Јавното обвинителство, меѓутоа, истото не може да се уреди со мерки и да се бара да се казни евентуални Јавниот обвинител, зошто не ги почитувал укажувањата и дали тие биле аргументирани или неаргументирани и кој би го ценел тоа, меѓутоа, едноставно тоа треба да биде една волја, една заложба на сите сегменти во ова општество ако сме навистина определени да се бориме против корупцијата, вклучувајќи ги тука и колегите од опозицијата. Веќе неколку дена слушаме едно исто. Граѓаните прашуваат зошто го губите времето кога тие прашања се апсолвирани. Зошто се повторуваат во дускусиите? Зошто едни исти лица дискутираат на иста тема без да дадат додатни аргументи. Во што се сведува работата на Собранието? Се според тоа, за сите овие моменти сметав дека навистина треба да се запрашаме и да го дадеме одговорот, пред се, тука, меѓу нас.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика господинот Герамитчиоски Тале, една минута.

**Тале Герамитчиоски:** Ќе почнам од последното.

Дали тоа значи дека не треба да дискутираме и да дебатираме и ги искажуваме своите ставови. Вие можеби имате такви информации од јавноста или од базата дека не треба да се дискутира, туку анлок да се прифаќаат сите оние предлози кои што доаѓаат дури и минута до 12.

Јас искажав констатации што ги слушнав од експерти кои значат нешто во Република Македонија и, почитуваната колешка, бидејќи е од таа фела го потврди тоа дека мерката притвор била многу често користена, најчесто користена во Република Македонија визави сите други европски држави и цитирав од каде тоа го слушнав, од кои кругови е тоа кажано. Тоа не е моја констатација. Тоа е констатација на еден академик, најреномирано име во кривичното право во Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи господинот Алити Рафис не е тука, збор има Кипаризовска Крстеска, повелете.

**Аните Кипаризовска Крстеска:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Нема да држам политички говор, да одолговлекувам за донесувањето на Предлогот законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата, ќе кажам само некои мои видувања во поглед на Предлог - измените.

Би се осврнала дека на седниците на работните тела, на комисиите, министерот за правда Михајло Маневски, исто и на Собранието овде претставникот на Владата, господинот Сашо Василевск многу добор укажаа зошто се потребни измените и дополнувањата на Закон за спречување на корупцијата.

При тоа, јас ќе кажам, исто така дека во поглед на измените би почнала од членот 11. Насоката на дејствување на Државната комисија за спречување на корупцијата е токму дефинирана во овој член и при тоа е добро што Владата предлага да се, директно во главата 2, да се влијае во насока на спречување на корупцијата во политиката.

При тоа, каде што стои општата дефиниција за изборни кампањи не може да се користат буџетски средства на корисниците кои располагаат со нив, дека не може да се гради пред избори и дека не може да се вршат никакви вонредни исплати на плати, пензии, социјална помош, ниту да се отуѓува државен капитал, се прецизира со одредбата дека истите може да се користат од донесувањето на одлуката за распишување на избори, а се до завршувањето на изборите на сите државни и локални функционери.

При тоа, би кажала дека ова е начин да се предупреди токму власта за можните последици, а тоа е санкционирање на нејзиното дејствување спротивно на овие одредби од законот.

Исто така позитивното влијание на овие одредби се согледува и во поттикнувањето на власта максимално да се ангажира во остварувањето на проектите кои ги има зацртано и тоа било како предизборни ветувања и тоа во текот на целиот мандат. Уште, со отпочнувањето на истиот, а не да врши некакви дејствија кои што стануваат, кои се во очи на изборната кампања.

Понатаму, би се осврнала на членот 33 од Законот, кој што се менува и тоа во насока на овозможување на целосен увид на имотната состојба на избраните и именуваните функционери и нивните семејства без никаква задршка и тоа пред избори и именување и по престанување на мандатот. При тоа, е добро што овде се опфатени и функционерите кои се избрани и именувани, значи, како на државно така и на локално ниво.

Сметам дека се добри овие измени и дополнувања на Закон за спречување на корупцијата со што се прецизирани деновите во кои што се функционерите, кои ќе бидат избрани и именувани, должни се да ја пријават својата имотна состојба, а тоа е прецизирано во рок од 30 дена.

Во поглед на достапноста на податоците од Анкетната листа, исто така мислам дека е добра измена и дополнување, затоа што ќе бидат достапни до сите граѓани, избирачи односно функционерите, значи нивниот имот, имотот на нивните семејства ќе бидат достапни и видливи за

сите и тоа како пред стапување на мандатот така и после завршување на мандатот.

Одредбите од Предлог-законот и амандманите кои што се однесуваат на Антикорупциската комисија како државен орган, утврдено имаат дека Комисијата ќе функционира како независно и непристрасно тело, доколку именуваните членови на Комисијата сепак нема да примаат плата, туку, ќе примаат само надоместок за своето работење. Сметам дека ваквите измени, баш напротив не сметам како колегите кои се залагаат само за професионализација, сметам дека ваквите измени односно, задржувањето на непрофесионалниот статус во никој случај нама да ја спречи борбата против корупцијата.

Впрочем, како што и поротниците во Англосаксонскиот правосуден систем донесуваат пресуди со кои што се одлучува за вината на обвинетите лица, непрофесионално само врз основа на својот авторитет како личности изградени и докажани во општеството како чесни, непристрасни и трудољубиви личности, така и членовите на Антикорупциската комисија ќе бидат репрезенти во борбата против корупцијата. И тоа само врз основа на своите високо морални квалитети, истрајни и упорни во намерата да ги издржат сите притисоци и да се справата со најголемото зло на денешницата.

При тоа, јас би кажала за крај и би ги замолила колегите пратеници да не се обидуваат да ја минимизираат и да ја деградираат улогата на оваа Антикорупциска комисија, затоа што и те како ќе ни биде потребна и ќе ни биде во иднина потребна за справување на ова зло на денешницата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Незири повелете, имате збор.

**Сафет Незири:** Ви благодарам.

Општеството на Република Македонија и посебно, државата Република Македонија преставува сигнал или симбол со кој што сме во средина на оние првите, речено условно, според лошото, или поинаку наречено, ние сме во троцифрената позиција. Не случајно преку медиумите, информациите кои што ние ги имаме од меѓународните истанци се зборува за тоа дека Република Македонија е на 105-то место во скалилото на тоа што ние не сме можеле да се избориме, да се соочиме или да го избегнеме и санкционираме како негативна појава на нашето општество, а тоа е корупцијата и организираниот криминал.

Треба да се има предвид, не само инстанците или институциите на централанта хиеархија во Македонија, туку треба да се продолжи од оној дел од пирамидата или пак од врвот на државата до локалниот дел за да бидеме сите свесни, вистински свесни за позицијата на нашата држава за тоа каде се наоѓа. Затоа што, забележуваајќи, или пак разгледуваајќи од наш аспект сите тие негативни појави во нашето општество и нашата држава во целост и разговарајќи и давајќи информации и разни совети, меѓутоа не преземјаќи никакви мерки во насока на избегнување и санкционирање на оваа појава, значи на корупцијата и на организираниот криминал во Република Македонија, навистина ние се соочуваме со многу алармантен предизвик, многу недефиниран предизвик, кој што предизвик на Македонија ќе предизвика да се прекине патот кон Европските интеграции, кон ЕУ и НАТО.

Екстремната корупцијата бара поквалитетни и порадикални реформи. Само спектакуларните реформи на Македонија во оваа област, негативна област можат да ја приближат Македонија кон европските институции.

Доколку сме упорни да Комисијата за борба против корупцијата или Антикорпциската комисија во Република Македонија од овој Парламент да се избере и од соодветните институции за да биде аполитична и професионална комисија, мислам дека сите сугестии и забелешки што ги имаме од европските институции со нашите позитивни резултати, на некој начин ќе може да ги отфрлат тие забелешки и да го кажема дека навистина имаме прогресивна улога, квалитетна улога во однос на тоа што граѓаните на Република Македонија, навистина, имаат полно право да бидат интегративен дел на Европската унија.

Република Македонија, не само преку Комисијата за борба против корупцијата, Република Македонија, со сите свои институции, почнувајќи од централната власт до локалната власт, со својата работа во иднина треба да претставувава некој вид на лидер во регионот и треба да ги надмине сите држави што се заинтересирани да се вклучат во Европската унија. Република Македонија треба да биде водач и пример на Западниот балкан и еднаш за секогаш од Македонија да се отргнат сите оние забелешки и сугестии за развој и инсталирање на радикална корупција и на организиран криминал.

Борбата против корупцијата може да се направи доколку корупцијата се идентификува како дел од организираниот криминал, преку инволвирање на државните и политичките структури. Вообичаено се вели дека рибата мириса или се расипува од главата, а не од опашот, сака да каже дека не само, не сакам да говорам некој лошо да ме разбере дека се мисли за оваа власт, меѓутоа од 1990 година наваму сите ангажирања, институционални што се направени во Република Македонија, почнувајќи од Владата, завршувајќи до општините, горе-долу се настојувало на некој начин да се надмине од овој дел, така наречен организиран криминал, поддржан со корупција. Ние никако не можеме да ги избегнеме, надминиме и да се соочиме со реалната објективност што се случува во нашата држава.

Ова се два клучни елементи. Или не знаеме или, навистина се правиме дека не ги гледаме работите. Или пак погрешно ги перцепираме, корупцијата и организираниот криминал, а со погрешна перцепција, се разбира дека се дава и погрешна терапија. Кога имаме погрешна перцепција, намерна или не намерна и погрешна

терапија, се разбира дека уште повеќе се прави инсталирање на така нареченоит организиран криминал заедно со корупцијата.

Комисијата за борба против корупција  треба да биде, иако во Предлогот на законот се нагласува со измените дека треба да биде професионална и аполитична. Новиот организациски систем, на Комисијата, со тоа што Комисијата за борба против корупцијата освен тоа што треба да биде професионална и аполитична, треба во себе да содржи нови форми. Доколку има потреба и позајмени, европски форми, нов начин на организирање, институционално организирање, таа Комисија никако да нема можност да подпадне под влијание на ниту една политичка структура што ќе дојде на власт. Затоа што оваа Комисија може да се бори и избори против секоја структура во државава, на секој функционер во државава. Ќе биде заштитена од сите страни како Комисија за борба против корупција, затоа што тука е основата или базата на дејствувањето.

Како и да е, да седиме криво, да зборуваме право. Отсекогаш во минатото сме настојувале, кога имаме судски постапки и дефинирајќи ја позицијата на криминалноста на некоја структура, некој поединец, политичка група или аполитичка група, бизнис група, секогаш на видело излегувале луѓе или поединци кои се откривале, биле криминализирани луѓе преку разни форми на корупција. До ден денес многу ретко или многу малку имаме поединци кои завршиле судски процеси со заслужена казна според актот и делото што го направиле. Вообичаено, тие луѓе ги наоѓаме кои се малку криминализирани или инволвирани во корупција. Затоа, оваа Комисија треба да има задолжение, обврска да го најде, да го дијагностицира или ја даде вистинската терапија онаму каде што извира информацијата, од каде што почнува дејствието така наречено криминално дејство. И тоа што се нарекува криминализација и корупција на тоа општество, на општеството на Република Македонија.

Вообичаено, корупцијта, а сега се професионалци, тоа значи дека Комисијата за борба против корупција ќе биде, според она што се говори во овој закон, треба да бидат луѓе од областа на правото и економијата, каде што најмногу извира делот на корупцијата, затоа што главниот аспек треба да биде во областа на бизнисот, приватниот бизнис и областа на приватизацијата на јавните, на државните институции и претпријатија во јавните набавки, во илегалното финансирање на политичките партии. Тука треба да бидеме првите, и ние овде како пратеници, без оглед на минатото, можеби и нашите политички партии, доколку има такви елементи на корупција, ние треба да бидеме позади таа корупција каде што навистина треба да се осудат, казнат тие луѓе, поединци или политички групи кои што се инволвирани во овие системи на малверзација и што на некој начин, на овој или оној начин се прави нарушувањето на економијата, на стопанството на граѓаните на Република Македонија.

Значи, прашање на дискусија е кај граѓаните. Граѓаните навистина на секој шалтер, во  секоја институција каде што се зависи, на директен или индиректен начин, од овие институции без оглед дали се работи за здравство, или јавен сектор, или државен сектор, судски сектор, навистина има разни работи, непотребни факти, разни начини на коруптивно дејствување.

Меѓутоа, верувајте колеги пратеници, кога говориме за областа на здравството ние не можеме сите да се ставиме во една корпа, сите лекари или пак здравството во целост, затоа што гледано од реалниот аспект кога еден лекар шест години по ред студирал и плус специјализација, можеби магистратура или докторатура и сега располага со една минимална или симболична плата во целост ова не би требало да значи дека и тие се корумпирани. Треба да бидеме внимателни. Туку ние треба секогаш, на разни начини токму во тие институции каде што навистина нашиот граѓанин е многу зависен, треба на разни институционални и законски начин да се стимулираат овие работници во здравството, во образованието, во јавниот сектор, кога ќе оди граѓанинот навистна тие совесно да ги извршат обврските што ги имаат кон граѓанинот и тоа секој вработен во горе наведените сектори.

Мислам дека државата како држава и ние  овде како Парламент треба да имаме предвид во понатамошниот развој на овие институции, да имаат стимулација на овие истанци и сфери каде што граѓаните имаат секојдневни контакти и мислам  дека Комисијата за борба против корупција функционирала така како што фунционирала, знаеме многу добро сите ние. Меѓутоа се надевам дека во иднина ќе ни даде позитивни резултати во професионалнен правец во вршење на својата работа, како што и доликува. Мислам и се надевам дека Македонија од 105-то место или пак од троцифрената бројка, да даде Господ да стигне постепено и до двоцифрена бројка и на крај да стигне до заслужената еднацифрана бројка. Затоа што,навистина, Македонија е мала држава со над 2 милиони жители и граѓаните на Република Македонија не заслужуваат едно такво нешто да секогаш бидеме опколени, а никогаш да не можеме да се вклучиме во евроинтеграциите и натоинтеграциите, поради некои луѓе кои што несовесно можеби си ја вршат својата работа и задолженија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:**  Има збор Блерим Беџети, повелете.

**Блерим Беџети:** Ви благодарам.

Почитувани присутни, со самиот факт дека Република Македонија, нашето општество во целина или нашите институции не ја извршуваат својата обврска и нашава земја се наоѓа таму каде што е. Не сакам да се повторам со претходните говорници, според еден редослед ние сме на 105 место во однос на корупцијата. Сигурно дека целта на предлагачот на овој закон е да се зајакне борбата и справувањето со овие

девијантни појави во нашите институции во општеството во целина.

Уште на почеток ќе кажам се сомневам дека со овие измени кои се даваат по однос на ингеренциите на оваа Комисија ќе се постигнат саканите ефекти. Ова ќе го кажам имајќи го во предвид тоа дека токму предлагачот на оваа државна комисија, односно предлагачот на овој закон беше и поранешен член на Државната комисија, дури претседател на Државната комисија за спречување на корупцијата. И, со секоја почит, во однос на неговиот заменик, но ќе беше подобро да беше тука тој и да го образложеше овој Предлог-закон. Бидејќи го предлага тој и да ни ги каже тој образложенијата.

Ова го велам со самиот факт дека предлагачот или претставникот на предлагачот беше и поранешен член на Државната комисија и претседател на оваа комисија и во неговото излагање сигурно ќе ни дадеше неколку поголеми објаснувања зошто нашава земја се соочува со оваа реалност и секако дека имаме забелешки во оваа насока и од институциите за кои правиме инвестиции за да пристапиме во Европска Унија и НАТО структурите.

Кои се тие измени, се уште не ми се јасни, нема да ги наведам кои се тие, се надевам дека предлагачот ќе ме убеди мене и другите колеги зошто треба ние пратениците да го поддржиме овој Предлог закон.

Јас ќе му предложам на предлагачот на овој Предлог закон доколку и сам е убеден дека нема да се постигнат саканите ефекти, тогаш подобро ние да ја искажеме нашата заложба во Обвинителството и во судството дека, и така можеме преку Јавното обвинителство и судовите да се справиме со овие девијантни појави, во прв ред внатре во институциите на Република Македонија. Ќе повторам уште еднаш ова го велам од минатото на оваа државна комисија видовме дека не се постигнуваат саканите цели, но за жал, аферите по нашите медиуми и тогаш и сега се зголемуваат во однос на еден организиран криминал, и секако дека организираниот криминал, ние сите знаеме најмалку ние правниците дека се врши преку корупцијата во државните институции.

Затоа е крајно време ние да не се вовлечеме уште повеќе во институционални кризи и да не си правиме ќеиф самите себеси, дека носејќи вакви закони ние ќе бидеме поблиску, или ќе бидеме поблиску до Европската Унија или НАТО структурите, трудејќи се да стапиме таму, заборавајќи ја реалноста за една посоодветна посветеност како по формата на изменувањето и со овој Предлог закон, но и во нашиот секојдневен живот.

Почитувани присутни, за да се справиме со оваа девијантна појава, демантирајте ме ако грешам, наместо ние да се справиме и кога имавме Комисија, но и сега кога пред нас имаме еден ваков Предлог-закон, сигурно дека корупцијата се зголемува и се надевам дека во некој, иден извештај Република Македонија ќе биде во подолната ставка за да се справи корупцијата и организираниот криминал и така натаму, треба да има една поширока и поодлучна волја на извршната власт, одошто со само овие измени на законот кои се пред нас и само со носење на вакви закони. Подобро е да се подготви една клима на теренот и посоодветни услови одошто да правиме козметички измени. И секако дека ние ќе се повикуваме дека сме го направиле ова, им дадовме мандат на членовите, можеме да и го зголемиме и мандатот и по години на претседателите, но дали е ова наша цел. Дали ќе се постигне целта преку овие предложени измени?

Јас не и припаѓам на групата песимисти, но велам секако дека имајќи го во предвид тоа што се случува со именувањата во институциите на Република Македонија, а организираниот криминал и корупцијата секако дека се надоврзани со институциите, посебно на републичко рамниште, но и на локално ниво, доаѓам до констатација дека ние нема да ги постигнеме саканите ефекти. И постои опасност да се залажеме себе си дека ние сме еден чекор напред и сме побооружени, така да се искажам, за да се справиме со овие девијантни појави. Затоа реков дека претставникот на овој Предлог-закон, би било поцелисходно сам да го образложи овој закон, со самиот факт дека бил поранешен член и во пракса увидел каде се потешкотиите и аномалиите во однос на корупцијата.

И, ме зачудува тоа кога човекот кој во поранешниот мандат, според мене има направено една мала посветеност во однос на оваа девијантна појава, јас секако ценам и мислам дека на тој човек му треа една поголема посветтеност и труд, бидејќи ние законите можеме да ги донесеме многу добри, но на хартија.

Мислам дека предалгачот ќе разбере каде ни е целта и за што зборувам. Времето ќе докаже дали ќе не демантира или не. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Иван Анастасовски, процедурално ли? Повелете.

**Иван Анастасовски:** Почитуван претседателе, имајќи го во предвид времето кое е за редовна пауза, од името на Пратеничката група на Новата социјалдемократска партија, барам 15 минути пауза, со што би се споило со она редовното време за наши активности горе во пратеничката група. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Предлагам да направиме пауза до 14,00 часот за ручек, а потоа да продолжиме во 16,00 часот, поради мои процедурални обврски.

Значи, нема да продолжиме во 15,00 часот, туку во 16,00 часот.

(Пауза за ручек од 13,45 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,27часот)

**Љубиша Георгиевски:** Дозволете да продолжиме со седницата, со едно извинување што доцниме 27 минути. Координацијата задоцни 27 минути, но имам впечаток дека тие 27 минути ќе ги надоместиме најмалку два пати, пак благодарение на координацијата, така што не го губиме времето.

Продолжуваме со дискусија, со претрес по Предлогот за донесување на законот.

Има збор господинот Алити Рафис, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Почитувани колеги пратеници, ние како парламентарна група настојувавме да го дадеме нашиот позитивен придонес во однос на Предлог законот што е пред нас и навистина комисијата што ќе се формира да биде колку што е можно поефективна и да дава резултати, бидејќи нашата држава се наоѓа на дното на листата на државите кои се корумпирани, всушност кои имаат корупција, што значи дека сме една од најкорумпираните држави во Европа. Добро е што не сме последни на листата, но сепак сме кон крајот.

Ние и понатаму мислиме дека парламентарното мнозинство треба да има чувство за нашите забелешки како парламентарна група, истите да ги земе предвид и сериозно да размисли тие забелешки да станат составен дел од овој Предлог закон, бидејќи сме свесни дека и со нашите забелешки корупцијата нема да успееме да ја победиме, барем така како што дискутираме тука во Собранието и како што мислиме дека треба да се бориме против корупцијата во нашата земја. Ова го велам затоа што - ќе употребам еден рибарски израз или со работата на рибарот и доколку тука некој се занимава со рибарство како хоби, ќе ме разбере што сакам да кажам. Имено, еден рибар кој излегува да лови со мала мамка или мала трска не може да ги фати големите риби, иако големите риби може да се закачат за мамката, меѓутоа, сепак ќе ја откинат мамката и ќе ја земат со себе. Така, и ние со основањето на оваа комисија вака како што ни е наметнато, велам како држава и земја, ние нема да имаме успех во борбата против корупцијата, затоа што со трските или мамките што ние ги фрламе или со комисијата која ја основаме, всушност нема ниту можност големите риби или корупцијата која ја има на највисоко ниво во државните органи да ја победиме. Ова го велам затоа што сите сме свесни дека доколку функционираат државните органи, судовите, полицијата итн, сигурно дека немаше да имаме потреба од основање една ваква комисија за борба против корупцијата, затоа што тогаш јасно е дека органите кои ги имаат тие надлежности си ја вршат својата работа како што треба и со тоа денес не би расправале на овој начин за основање на една комисија со членови на професионална или доброволна основа, со претседавач со ротација или со петгодишен мандат, дали ќе бидат правници или економисти и од другите области да нема претставници во оваа комисија итн. Ова го велам, ќе повторам уште еднаш, доколкук државните органи ја вршат својата работа како што налага законот, тогаш не би имало потреба од една дополнителна комисија. Сите сме свесни дека ќе основаме комисија, меѓутоа, реално оваа комисија нема да има успех и нема да ги постигне целите поради кои ќе ја формираме, затоа што за една ваква работа, за борба против корупцијата, таа работа треба да ја вршат државните органи.

Затоа, ние очекуваме мнозинството да се искаже позитивно кон нашите забелешки и да даде Господ нашата цел или намера да се постигне, па навистина во нашата земја веќе да не постои корупција и во овој парламентарен состав да гласаме оваа комисија, така да речам, да се растури. Остануваме со надеж дека ќе има позитивен одраз во оваа насока. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Почитуван господине претседател, почитувани колеги пратеници,

Ќе се обидам да бидам што е можно пократок, со оглед на тоа што во изминатите денови навистина дискусијата можеби е исцрпена, но не можам да премолчам за две, три работи кои беа споменати во самата расправа и сметам дека придонесовме како пратеници да ја позатемниме така наречената црна слика за корупцијата. Оние кои добро ме познаваат, знаат отсекогаш дека на оваа тема сум дискутирал, сум придонесувал колку сум можел во позитивен правец. Уште како пратеник од тогашната Либерална партија, заедно со моите колеги пратеници, ја отворивме расправата за јавните набавки во Република Македонија како црна дамка на тој период. Ја водев Анкетната комисија за испитување на јавните набавки, која навистина имаше резултати во однос на работењето и докажувањето на работите кои се случувале тогаш со јавните набавки и како резултат на тоа тогаш се покрена иницијативата и се донесе првиот Закон за јавни набавки. За жал, сите тие докази кои тогаш ги имавме како пратеничка група, останаа без епилог онаму каде што требаше да го има епилогот, а тоа се судските органи.

Она што навистина ме загрижува е тоа дека колку е корупцијата присутна во Македонија, ние успеавме во овие 3-4 дена, а и фатени на јадицата на темата која постојано се наметнува, направивме дека е уште поголема корупцијата од она што е стварност, сакајќи да се препукуваат пратениците и политичките партии меѓу себе, која власт била повеќе корумпирана во споредба една со друга. Често пати сами сме продуцирале одредени корупциски афери, кои на крајот завршувале без епилог.

Сметам дека треба да изведеме еден заклучок дека треба да бидеме внимателни околу отворањето на конкретни случаи, кои ќе немаат завршница.

Втората работа што сакам да ја потенцирам е што во сите дискусии истакнуваме дека со формирањето на комисијата за спречување на корупцијата и борба против корупцијата, Комисијата на која веќе и е изминат мандатот многу успешно си ја завршила работата. Ова ме потсетува малку на времето кога ја формиравме оваа Комисија за борба против корупцијата, кога личностите кои се во оваа комисија беа етикетирани со строго партиска припадност. Денес мило ми е што сите констатираат дека оваа комисија го направи својот почеток и тоа доста успешно.

Оттука, предлагам еден заклучок кој би произлегол од оваа денешна расправа, сите членови на оваа комисија кои се сега во Комисијата за борба против корупцијата, кои ќе се пријават и за следниот состав на комисијата, Парламентот да ги изгласа. Тоа е многу логично ако сите овде се согласуваме дека добро ја извршувале работата, без разлика дали тоа било професионално или волонтерски. Во спротивно, сите кои зборувале до сега и ги фалеле членовите на комисијата, навистина ќе се покаже дека зборувале само декларативно за тоа.

Третата работа која треба да ја истакнеме: ниту Комисијата за борба против корупцијата, ниту некој друг може повеќе да придонесе за борба против корупцијата отколку јакнењето на институциите на системот. Институциите кои уште во самиот зародиш ќе ја оневозможат корупцијата. Сето друго отпосле претставува лекување, а најдобро е да овозможиме преку јакнење на институциите тоа да се спречи.

Затоа, во тој правец, се надевам дека Владата ќе ги прифати укажувањата на Европската комисија и на пратениците овде дека ќе го исправи оној погрешен чекор со промена на голем број стручни и професионални луѓе во администрацијата и носење партиски луѓе на тие функции. Не можете да зборувате дека владиното мнозинство ќе се бори против корупцијата, истовремено синови и ќерки на пратениците надвор од стручната оспособеност - велам надвор од стручната оспособеност, инаку не сум приврзаник на оние кои заради роднинска врска со некој функционер не може да напредува во својата професија, но сум против што некои надвор од својата стручна оспособеноност ги ставаат на важни функции, како на пример во Царината, Министерството за внатрешни работи, Обвинителството, кои треба да бидат носечки во борбата против корупцијата.

Она што посебно сакам да прокоментирам, претседателе, тоа е и вашиот став околу покренувањето на прашањето на имунитетот. Навистина во јавноста тоа доби големо значење и се разбира сооднос на тоа што е изречено од првиот човек на Собранието. Сметам дека направивте, барем во јавноста, еден погрешен впечаток за сите пратеници. Со барање се стекна впечаток дека пратениците се најкорумпираните личности во Република Македонија и доколку им се одземе имунитетот на пратениците, ќе се реши прашањето на корупцијата. Јас немам ништо против кога би било така, но историјата во овие 15-16 години, посебно од 2002 година наваму кога пратеници се само пратеници професионално, не се носители на други јавни функции, не се директори повеќе на фирми, на јавни претпријатија, мислам дека таа теза не држи и дека нанесовте голема штета на Собранието на Република Македонија. Тоа ќе го образложам со следново. Во јавноста се има впечаток дека пратениците доколку направиле одредено кривично дело, никој не може да ги повика на одговорност, што не е точно. Дека имунитетот го заштитува пратеникот само од оној дел кој што значи да биде притворен, додека за се останато тој мора да одговара пред надлежните институции.

Втора работа: јас се плашам од она што го зборував при формирањето на Владата на Република Македонија дека тоталитаризмот се враќа во Република Македонија. Воопшто не се плашам за себе, но се плашам дека се сака да се наметне систем, да се замолчат пратениците да зборуваат. Во прилог на тоа зборува и предложениот деловник, за кој ќе зборуваме кога ќе дојде времето. Но она што го изјави и премиерот, она што го изјави претседателот на Собранието наведува на заклучок дека пратениците од опозицијата треба да се подготвуваат и да мислат што зборуваат затоа што ги чекаат црни денови.

Во овој правец би ви рекол претседателе, најмногу што треба, токму вие сте тој кој што треба да ги заштити пратениците. Не да ги заштитите во моментот кога се огрешиле од законот, но да ги заштитите пратениците за достоинството на пратеничката функција. Досегашното парламентарно искуство покажува дека ниеден пратеник до сега не се повикал на имунитетот, освен во првиот пратенички мандат кога имаше еден пратеник кој се повикал на имунитетот и кој тоа право не го искористил. Тоа покажува дека не е прашањето до имунитетот кога станува збор за прашања за решавање на корупцијата. Напротив, сметам дека вашата намера, да не прејудицирам, но е во порешна насока. Јас се сеќавам многу добро на образложенијата кои беа дадени кога се донесуваше Уставот на Република Македонија, првиот Устав, кога за две прашања посебно се поведе расправа, во правец на јакнење на демократијата. Тоа беше прашањето на имунитетот на пратениците и прашањето на повикување на воена вежба или воена обврска на пратениците.

Основното прашање зошто се воведоа и двете обврски, и имунитетот и воената вежба, беше прашањето на злоупотреба од власта од мнозинството спрема пратениците од опозицијата.

Затоа, како што го отворивте ова прашање мислам дека што побрзо да го затворите, затоа што со имунитетот ниеден пратеник не е ослободен доколку направи кривижно дело. Напротив, со имунитетот се овозможува

пратениците слободно да ја изразуваат својата волја и правото на говор. Во спротивно, очекувајте, во минатиот состав имавме еден таков случај, за изречен збор и тоа со имунитет, господинот Жарко Караџоски како пратеник мораше да се јавува на суд, што беше недозволиво, недопуштено. Доколку ова го направите, тогаш подобро да нема опозиција во Парламентот, на крајот да нема демократија во Република Македонија и подобро владејте сами онакако како што знаете.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам на добронамерната критика, а јас само кажав дека ми треба поддршка од 30 пратеници. Таа поддршка ќе ја добијам или нема да ја добијам. Ве молам да не ми забранувате јас лична изјава да дадам во таа насока.

Тоа не беше реплика, ама повелете, господине Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Само накратко претседателе. Јас не ви забранувам идеите да ги изнесувате, но дозволете ми да го искажам своето мислење и да укажам на што сметате и каде одите.

**Љубиша Георгиевски:** Дали некој друг бара збор?

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата.

Молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

**Љубиша Георгиевски:** Во салата има 68 пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68, за гласале 52 пратеника, воздржан 1 пратеник, против 15 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, за гласале 51, воздржани нема, против 11.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Има збор претставникот на Владата.

**Сашо Василевски:** Почитуван претседтеле, почитувани пратеници, како резултат на дискусиите кои произлегоа од расправите по измените на Законот за спречување на корупцијата, Владата на Република Македонија ќе достави два нови амандмана, кои имаат за цел заложба на сите нас, да се зајакне борбата против корупцијата.

Имено, првиот амандман се однесува на тоа што Владата има за цел да ги спречи сите активности што можат да бидат преземени од страна на власта пред и за време на одржување на изборите, така што покрај другите наведени во членот 11, се предлага да не се потпишуваат колективни договори во било која гранка, за тие да не се злоупотребуваат во самата изборна кампања.

Второ, се предлага измена на членот 16, во врска со мандатот на членовите на Државната комисија, истиот да биде пет години, а мандатот на претседателот се ограничува на една година. Што значи, со тоа се обезбедува ротационен мандат на претседателот на Комисијата. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани за менување на член 16 и на член 17 за бришење на новиот член 48-а и на новите членови 48-в, став 1 и за бришење на ставот 5 на новиот член 48-г, за бришење на ставовите 1,2 и 3 и на новиот член 48-д за менување на став 2 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 1 став 2, член 2 став 1, член 17, во новиот член 48-в став 3, член 20, член 24 за менување на став 3, член 27 ставови 1 и 2 и за додавање нов став 3 по ставот 2, член 28 и на член 36 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Ристанка Лалчевска поднесе амандман на член 35 за менување на став 2, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 35 за менување на став 2, поднесен од пратеникот Ристанка Лалчевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Сашо Василевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор Ристанка Лалчевска.

**Ристанка Лалчевска:** Со оглед дека нема разбирање за амандманот што го поднесов, јас амандманот го повлекувам.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Во меѓувреме, пратениците Цветанка Иванова, Јани Макрадули, Весна Бендевска и Оливер Спасовски поднесоа амандмани, согласно член 166, став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Согласно член 56 алинеја 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, го молам претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања да свика седница на која Комисијата ќе даде мислење.

Дали со овие амандмани се врши усогласување на одредбите во текстот што се измениле поради поднесените амандмани на Владата на Република Македонија.

Давам пауза од еден час Комисијата да одржи седница.

Со оглед на одминатото време, седницата ќе ја продолжиме утре во 11,00 часот.

Молам, Комисијата да ми достави извештај од одржаната седница. Благодарам.

(Седницата прекина во 16,50 часот)